**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет –Скопје**

**Институт за педагогија**

# Улогата на родителите во образовните постигнувања на учениците во основното образование

**- магистерски труд -**

Ментор:

Проф. д-р Елена Ризова

Студент:

Стефанија Додевска

Број на досие:5376/21

Скопје, 2024 година

**Содржина:**

Вовед ........ 8
I дел ........ 10
ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ ........ 10
1. Дефинирање на поимот и основните поими ........ 11
1.1.Семејство – суштина и значење ........ 11
1.2. Воспитната функција на семејството ........ 11
1.3. Карактеристики на македонското семејство ........ 12
1.4. Функции на современото македонско семејство ........ 13
1.5. Традицијата во македонските и во европските семејства ........ 16
Воспитание ........ 16
2. Оптовареноста на ученикот како негативна консеквенца во воспитувањето ........ 16
2.1. Оценувањето како фактор во воспитувањето на ученикот ........ 17
3. Родителски стилови и пристапи ........ 18
4. Улогата на родителите во оспособување на учениците за самостојно учење ........ 21
5. Улогата на наставникот/одделенскиот ракводител во интелектуалното ангажирање и осамостојување на учениците во наставата ........ 22
6. Однос наставник – ученик ........ 23
7. Разбирање на учениците: поддршка во училница ........ 24
7.1. Култура во училница ........ 25
7.2. Комуницирање со учениците: Јасност, почитување и охрабрување ........ 26
7.2.1. Развивање на способноста за слушање ........ 26
7.2.2. Развивање на стил за предавање – учење заснован на заемна почит ........ 26
7.3. Видови комуникација од страна на наставникот ........ 26
7.4. Комуницирање со родителите: Јасност и одговорност ........ 27
7.5. Начини за намалување на проблемските ситуации ........ 28
7.6. Можности за интеракција родител – наставник ........ 28
8. Ученикот во процесот на воспитание и образование ........ 29
9. Наставникот во воспитно-образовниот процес ........ 30
9.1. Преглед на улогите на наставникот во современата настава ........ 31
9.2. Улога на модел (пример) на позитивна личност ........ 42

9.3. Функции на наставникот како одделенски раководител ................................ 43
10. Семејството и училиштето ................................................................ 45
10.1. Успешни семејства ................................................................ 46
10.2. Семејството, домот и училишниот успех на учениците ................................ 47
10.3 Соработката меѓу родителите и наставниците е важен фактор за успех на детето ................................................................ 48
II дел ................................................................ 50
МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ................................................................ 50
1. Предмет на истражувањето ................................................................ 51
2. Цел и карактер на истражувањето ................................................................ 51
2.1. Основна цел на истражувањето ................................................................ 51
2.2. Карактер на истражувањето ................................................................ 51
3. Задачи на истражувањето ................................................................ 52
4. Хипотези на истражувањето ................................................................ 52
5. Варијабли на истражувањето ................................................................ 53
6. Методи, техники и инструменти за прибирање на податоците ................................ 54
7. Популација и примерок ................................................................ 54
7.1. Примерок на општини ................................................................ 54
7.2. Примерок на основни училишта ................................................................ 55
7.3. Примерок на наставници од одделенска настава ................................ 55
7.4. Примерок на родители ................................................................ 56
7.5. Примерок на ученици ................................................................ 56
8. Статистичка обработка на податоците ................................................................ 56
9 .Организација и тек на истражувањето ................................................................ 56
10. Очекувани резултати и заклучоци ................................................................ 57
III дел ................................................................ 59
АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ................................................................ 59
1. Резултати од спроведените анкетни прашалници за родители и наставници и интервјуто со ученици ................................................................ 59

2. Анализа и и интерпретација на добиените резултати од анкетниот прашалник наменет за наставниците ........ 61

3. Анализа и интерпретација на добиените резултати од анкетниот прашалник наменет за родителите........ 90

4. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведените интервјуа со учениците од трето до петто одделение ........ 115

IV дел ........ 130

ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ ........ 130

Заклучоци од спроведеното истражување ........ 131

11. Користена литература: ........ 136

V дел ........ 140

ПРИЛОЗИ ........ 140

Прилог број 1 – Анкетен прашалник за наставници ........ 141

Прилог број 2 – Анкетен прашалник за родители........ 146

Прилог број 3 – Протокол за интервју со ученици ........ 152

**Апстракт**

Со оглед на тоа дека и семејството и училиштето имаат една основна заедничка цел, а тоа е пред се правилен развој, образование и воспитание на младата личност, тогаш нејзиното реализирање би било незамисливо без континуирана и успешно организирана меѓусебна соработка.

Родителите претставуваат првите модели на однесување со кои децата се идентификуваат при решавањето на секојдневните проблеми, однесувањето, соработката, поделбата на одговорности, воспитување, учење правилни животни вредности итн. Родителите уште од најмала возраст ги учат своите деца да станат дел од заедницата и општеството каде што живеат и функционираат, што значи дека и родителите и наставниците имаат една заедничка цел, а тоа е стимулирање за развој на целосниот потенцијал кој децата го носат во себе. Трудот кој го вложуваат родителите во работата со своите деца не треба да се сведе само на работа на домашните задачи кои ги задава наставникот туку треба да претставува надополнување и проширување на веќе постојното знаење кое ученикот ќе го стекне во училиштето. Воспитувањето и работењето со децата, како и процесите на развој на една млада личност во современиот живот стануваат многу сложени. Покрај семејството и училиштето, на младиот човек му влијаат и многубројни фактори и ситуации. Во таа смисла се усложнува и улогата на семејството и на училиштето во образовниот процес. Но, за сето ова да се исполни, потребна е и поголема едукација и подигнување на педагошката култура на родителите. Семејството, односно родителите, треба да гледаат моќен сојузник во училиштето, со цел правилен развој на своите деца и постигнување повисоки цели во воспитно-образовниот процес. За успешно остварување на сите овие работи, неминовни се улогата и вложувањето на наставникот и педагогот на училиштето, односно барање постојана помош од нивна страна како главни двигатели на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Во овој магистерски труд основната цел е да се согледа колкав труд и посветеност вложуваат родителите во образовниот процес на своите деца, за тие да бидат активно вклучени и да постигнат повисоки резултати во учењето.

Клучни зборови: родители, наставник, педагог, образование, учење, училиште, ученик, воспитно-образовна средина.

**Abstract**

Considering that both the family and the school have one basic common goal, which is above all the correct development, education and upbringing of the young person, then its realization would be unthinkable without continuous and successfully organized mutual cooperation.

Parents represent the first models of behavior that children identify with when solving everyday problems, behavior, cooperation, division of responsibilities, upbringing, learning correct life values, etc. Parents teach their children from an early age to become part of the community and society where they live and function, which means that both parents and teachers have one common goal, which is building a correct and well-developed personality. The work that parents invest in working with their children should not be reduced only to homework assigned by the teacher, but should be a supplement and expansion of the already existing knowledge that the student will acquire in school. Raising and working with children, as well as the processes of development of a young person in modern life, are becoming very complex. In addition to family and school, the young person is influenced by numerous factors and situations. In that sense, the role of the family and the school in the educational process becomes more complicated. But in order to fulfill all this, more education and raising the pedagogical culture of the parents is needed. The family, that is, the parents, should see the school as a powerful ally, with the aim of proper development of their children and achieving higher goals in the educational process. For the successful realization of all these things, the role and investment of the school's teacher and pedagogue is inevitable, that is, a request for constant help from them as the main drivers of the educational process in the school.

In this master's thesis, the main goal is to see how much effort and dedication parents invest in the educational process of their children, so that they are actively involved and achieve higher learning goals.

Keywords: parents, teacher, pedagogue, education, learning, school, student, educational environment.

# Вовед

Семејството претставува првата и најважна алка во растењето и формирањето на една личност. Тоа влијае на растењето, развивањето, воспитувањето и образованието на детето. Поради тоа денес во современиот стил и начин на живот, родителите со причина се чувствуваат конфузно во врска со воспитанието и образованието на своите деца.

Родителите се неоспорни фигури во формирањето на успехот на своите деца во училиштето преку различни начини, како што се развојот во раната детска возраст, активната вклученост, позитивните ставови и очекувања, како и емоционалната поддршка. Нивната улога се проширува и во образовниот аспект, преку вклучување и создавање на позитивен став кон учењето, создавање на насоки и обезбедување на стимулативна и поддржувачка средина. Секако, постојат различни видови родители, па со тоа се среќаваме и со различни стилови на воспитување и насочување на децата. Покрај важната улога која ја имаат родителите во образованието на своите деца, наставникот и училиштето во соработка со родителите претставуваат едни од главните двигатели на целиот тој триаголник – наставник, родител, ученик кој секако се очекува да функционира беспрекорно. Улогата на родителите е од клучно значење, бидејќи тој ја одредува насоката на понатамошниот развој на детето и начинот на избор. Родителите кои се стремат кон тоа децата да им бидат упорни во градењето на своите капацитети и да бидат успешни во животот се свесни дека тоа се гради уште од мала возраст.

Преку признавање на длабокото влијание кое го имаат и активното вклучување на родителите во образованието на своите деца, родителите можат да им помогнат на децата да се развиваат како личности, да им помогнат да се оформат карактерно и да ги научат на сите животни и морални вредности, позитивно да влијаат врз успехот и сестраниот развој на своите деца, да ги креираат своите цели во животот и да ги искористат во училиштето, во текот на целото образование, како и во животот.

## УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Постојаната и континуирана соработка помеѓу родителите и училиштето, родителите и наставникот, родителите и децата, односно целиот волшебен триаголник кој го сочинуваат наставникот, родителот и ученикот придонесува за континуиран развој на детето/ученикот, за постигнување напредок на наставникот, за јакнење на улогата што ја има родителот во развојот во процесот на образованието и воспитанието на своето дете, а со тоа и постигнување повисок успех и образовни резултати на ученикот. Преку постигнување квалитетна соработка со целокупната организациска поставеност на училиштето, со семејството, родителите, учениците, позитивно се влијае врз успехот и развојот на секој еден ученик.

# I дел

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

# 1. Дефинирање на поимот и основните поими

## 1.1. Семејство – суштина и значење

Во нашето секојдневие сѐ почесто може да се забележи како семејните вредности избледуваат, односно многу малку се застапени кај децата. Исто така медиумски можеме да забележиме голем број кампањи кои имаат за цел да ја разбудат свеста кај родителите, бидејќи токму тие се пример за семејните вредности. Семејните вредности немаат прецизна дефиниција, но без нивното постоење функционирањето на едно семејство не би било можно. Тие не само што се значајни за воспитанието и образованието туку и за обликувањето на детската личност. Поради тоа, потребно е да се инсистира на нив уште во предучилишната возраст, започнувајќи во домот, и токму затоа се вели дека семејството е првата заедница од која детето започнува да ги согледува и осознава нештата (Тасевска, 2020, стр. 5-6).

## 1.2. Воспитната функција на семејството

Бракот на децата не им дава само двајца возрасни, туку и два родитела: од мајката и таткото, кои ги направиле биолошки, се очекува да ја одржат таа родителска заедница општествено, економски, сексуално и психолошки, исто така. Доказите од социологијата доста моќно покажуваат дека оваа семејна структура е најдобра за децата (барем од сите други семејни структури што биле добро проучени), но не ни кажува точно зошто или како. Може да очекуваме голем дел од карактеристиките што го прават бракот подобар за децата да се применат на одново венчаните семејства или семејствата што живеат заедно. Двајца возрасни во домот значи и двапати повеќе човечка моќ, достапна за родителските задачи: двајца потенцијални придонесувачи и двајца потенцијални негувачи, воспитувачи и авторитети исто така. Економиите на обем значат дека двајцата возрасни што заработуваат за детето може да живеат поевтино (и така да имаат повеќе пари,

достапни за семејството) отколку двајцата родители или партнери што одржуваат одделни домаќинства. Тогаш зошто е важно за венчаните мајки и татковци заедно да ги одгледаат децата? Доказите на социологијата за ова прашање кажуваат дека постојат две можности: родот и гените. Бракот соединува два пола, машки и женски, во единствен вид сексуална заедница што може да им даде на децата мајка и татко, споени во едно семејство. Генерално, надвор од целосните бракови, само малку деца имаат посветени и одговорни татковци (Џорџ, Елштејн, 2013, стр. 208-209).

## 1.3. Карактеристики на македонското семејство

Денеска може да се каже дека најчестиот модел на семејство во Северна Македонија е нуклеарното семејство, домаќинството составено од родители и нивните деца, кои обично живеат заедно под еден покрив. Овој модел на семејство стана поприсутен во урбаните средини и меѓу помладите генерации, под влијание на општествените промени, економските фактори и урбанизацијата.

Во моделот на нуклеарно семејство, домаќинството обично вклучува двајца родители (во брак) и нивните издржувани деца. Оваа семејна структура во македонското општество се смета за пофлексибилна и поприспособлива на модерниот начин на живот, бидејќи овозможува поголема мобилност и автономија во споредба со моделот на поширокото семејство. Овој модел на современо семејство честопати е наречен и егалитарно, демократско, индустриско, конјугално, се карактеризира со силни роднински врски, демократски авторитет, неолокално и подвижно, динамично, ориентирано кон поединците и нивната среќа и задоволство.

Сепак, важно е да се напомне дека додека нуклеарното семејство станува сè позвообичаено, Северна Македонија сè уште задржува некои аспекти од традиционалниот модел на проширено семејство, особено во руралните и поконзервативните области. Во овие региони присутни се големи семејства т.н. „семејни задруги“ каде што повеќе генерации живеат заедно под еден покрив или

во непосредна близина, нагласувајќи ги силните семејни врски и меѓусебната поддршка. Не е невообичаено бабите, дедовците, родителите и децата да живеат во исто домаќинство. Ваквите семејства традиционално следат патријархална структура, каде што мажот е глава на домаќинството, има авторитет и носи важни одлуки за семејството. Најстариот маж, како дедото или таткото, често делува како глава на семејството. Мажите обично се одговорни за финансиски средства за обезбедување на семејството, додека жените првенствено се фокусираат на домашните работи, воспитувањето на децата и негувањето на семејството. Семејните собири и прослави се важни прилики за негување и одржување на врските со поширокото семејство. Бракот е високо ценет кај овој тип на семејства, а раѓањето деца се смета за основен дел од семејниот живот (Радуловиќ, Бундалевска, Кескинова 2024, стр. 35).

### 1.4. Функции на современото македонско семејство

Семејството остварува повеќе функции кои имаат големо значење во општеството, функции кои со текот на времето се трансформирале следејќи го процесот на еволуцијата на самото семејство, додека пак други функции целосно го изгубиле своето значење, отстапувајќи им место на новите фунции на семејството кои се карактеристични особено за современите облици на оваа институција.

- *Репродуктивна функција* – несомнено била и останала една од основните функции на семејството во сите етапи на неговиот општествено-историски развој. Оваа функција се смета како примарна функција токму поради репродуктивната природа, бидејќи со раѓањето деца се обновува населението и продолжува човечкиот род. Задоволувањето на сексуалните потреби било една од најважните функции на македонското семејство кога сексуалните односи пред бракот не се одобрувале или се забранувале, па луѓето стапувале во брак со таа цел.

- *Економска функција* – спаѓа во редот на оние семејни функции кои доживеале значајна трансформација поради еволуцијата на семејството во целост. Историски гледано, семејствата често служеле како економски единици, со примарна функција да ги обезбедат основните потреби и финансиската стабилност на нивните членови. Меѓутоа, со зголеменото учество на двајцата родители во работната сила и промените во економијата, економската функција на семејствата еволуираше. Семејствата сега често се фокусираат на стратегии со двоен приход, финансиско планирање и приспособување на економските предизвици. На почетокот, кога производните односи сè уште не биле доволно развиени, потребите на семејството се задоволувале во рамките на семејната заедница и токму поради тоа семејството не претставувало само биолошка туку и производна заедница. А, со настанувањето на современите услови на живеење, економската функција го губи своето значење за семејството, кое од производствена се преобразува во потрошувачка општествена заедница.
- *Воспитно-образовна функција* – и покрај сите промени во општеството, останува и натаму значајна за формирање на личноста на децата во рамките на општеството. Во периодот на појава на капитализмот, воспитно-образовната функција најнепосредно се остварувала помеѓу родителите и децата, поради непостоење на организиран систем на образование во кој би биле вклучени децата, за таа подоцна во услови на капиталистички општествени односи да биде преземена од страна на одредени државни, односно општествени институции. И денеска современото семејство врши голем број образовни функции за своите членови. Тоа е првото училиште за децата и прозорец кон светот. Основните знаења за сè што нè опкружува се стекнуваат од и во семејството. Но, во денешно време улогата на семејството во образованието е многу намалена, затоа што семејството ја нема ексклузивната улога во однос на едукацијата и воспитувањето. Присутни се голем број институции како градинки, училишта, универзитети и технички институции за згрижување и едукација кои ја преземаат или надополнуваат функцијата на образование и воспитување.

- *Заштитна функција* – на семејството имала големо значење во раните фази од развојот на семејството. Во античко време, семејството ги заштитувало своите членови од сите неприлики. Примарна должност на семејството било да обезбеди сигурност и заштита на стари лица, болни, хендикепирани итн. На тој начин се обезбедувала материјална и психолошка сигурност на членовите во семејството, која сега во модерното општество сè повеќе преминува во рацете на државните и општествените институции од здравствен и социјален карактер кои се компетентни да им пружат помош на оние кои имаат потреба од истата, како што се: болници, домови за стари лица, разни центри за помош и грижа. Грижата за остарените родители е нов предизвик на заштитната функција.
- *Социјализаторска функција* – на семејството е тесно поврзана со останатите, особено со репродуктивната и заштитната. Преку неа, децата ги учат и добиваат првите сознанија за општествените појави, за другите членови во семејството, за тоа што е добро, а што лошо, што е штетно, а што корисно. Семејствата продолжуваат да играат клучна улога во социјализацијата и во образованието на децата, но природата на оваа функција еволуираше. Сега постои поголем акцент на негувањето на индивидуалноста, независноста и вештините за критичко размислување кај децата. Семејствата исто така се движат по влијанието на технологијата и на дигиталните медиуми врз развојот на децата и се приспособуваат на променливите образовни системи и можности. Денеска во улога на фактори на социјализација се и паметните електронски уреди, медиумите, социјалните мрежи и голем број неформални институции за згрижување и едукација.

*Емоционална функција* – Функцијата за давање емоционална поддршка во рамките на семејствата добива важност. Семејствата сè повеќе се препознаваат како клучни извори на емоционална благосостојба, емпатија и социјална поврзаност. Емоционалната поддршка вклучува обезбедување безбедна и негувачка средина, промовирање на менталното здравје и поттикнување позитивни односи меѓу членовите на семејството. Оваа функција во модерното

семејство добива сѐ поголемо значење и од причина што сите други функции на семејството постепено ги презема државната или општествената институција, па со тоа остава простор за развивање на меѓусебните чувства за љубов, приврзаност, почитување и емоционална експресија на членовите на семејството, кои сега семејството го гледаат и како средина за развивање и остварување на своите културни потреби (Трпеновска, Мицковиќ, Ристов, 2013) (Радуловиќ, Бундалевска, Кескинова 2024, стр. 238-42).

### 1.5. Традицијата во македонските и во европските семејства

#### Воспитание

Низ повеќето досегашни категории, традицијата е навестена во областа на семејното воспитание ( добри навики, морални вредности и практики, општење со средината и, воопшто, комуницирање со надворешниот свет, почитување на правата, интересите, верувањата, стремежите на другите). Домашното воспитание е типичен пример за делотворноста на традицијата во семејството, која изобилува во убавите европски практики и верувања (Радуловиќ, М., 2014, стр. 73-74).

Во македонските семејства воспитанието на децата исто така игра клучна улога во растењето на децата, односно всадувањето морални вредности, правилно воспитание, емпатија кон другите луѓе претставуваат главен аспект од воспитната компонента на децата.

## 2. Оптовареноста на ученикот како негативна консеквенца во воспитувањето

Често е дискутирано на научно и стручно ниво околу големата оптовареност на ученикот со училишните обврски.

а) **Наставни планови и програми** – Иако наставните планови и програми се изработени во склад со психофизичките можности на учениците, практиката укажува на одредени забелешки. Голема грешка е што овие државни документи ретко одат на практична и експериментална проверка, така што повеќе се теориски засновани, а помалку втемелени на живата и непосредна наставна практика.

б) **Учебници** – Современите учебници содржат градиво кое е предвидено според наставната програма. Јасно е дека доколку програмата е преобемна, таков ќе биде и учебникот. Учениците, без оглед на своите способности, мораат сите во иста мера да научат исто градиво. Разликите се согледуваат во оцените за време на процесот на евалуација.

в) Не се користи доволно **диференцираниот и индивидуализиран** пристап за учење, во склад со можностите на секој ученик посебно. Оваа констатација е последица од стратегијата која ја применува учителот во својата работа. Ако го применува монолошкиот метод како облик на работа, таквиот стил нема да биде адекватен за сите ученици. Со тоа свое излагање, учителот приспособува „просечен“ ученик (каков што нема), така што се оштетени најдобрите, но и најслабите.

г) **Домашни задачи** – Поголемиот број задачи, од поголем број предмети, попречно влијаат на воспитувањето на ученикот. Тие и по начинот на задавање, и по опсегот и по начинот на изработка треба да се сведат на разумно ниво.

## 2.1. Оценувањето како фактор во воспитувањето на ученикот

Овој педагошки феномен со подеднакво внимание ги привлекува учениците, родителите, наставниците, општествената заедница. Се наоѓаме во ера на научно-техничка, технолошка и електронска револуција каде што „експлозијата“ на науките е присутна во секојдневниот живот. Со право се очекува и усовршување на начинот на кој се врши евалуацијата на ученичките постигнувања.

Во постапките при оценување, често се присутни површноста, еднострананоста и субјективизмот. Најголемата слабост во денешниот начин на оценување се состои во тоа што исклучиво се оценува квантитетот, а не квалитетот на знаење. А тоа е само една од низата други компоненти во оценување на ученичките активности.

## 3. Родителски стилови и пристапи

Модерниот концепт на позитивно родителство е концепт на најнови современи гледишта, кои во преден план ги истакнуваат одговорноста на родителите кон своите деца, правата на децата, автономијата, автентичноста, рамноправноста на децата, како и почитување на детската личност во целина. Сето тоа е преточено во т.н. родителски компетенции што подразбираат познавање на развојните карактеристики на детето, знаењето што е најдобро за детето во рамките на семејството, но и надвор од него, знаење и вештини зошто, кога и кои воспитни постапки треба родителите да ги применат. Исто така од родителите се очекува да работат на себе и да се чувствуваат сигурни во родителската улога.

***Холистичкиот пристап*** во третманот на родителството спојува три меѓусебно зависни аспекти:

*– Детските развојни потреби;*

*– Способноста на родителите да одговорат на детските потреби;*

*– Разбирање на ситуациски родителски контекст.*

Токму овие аспекти даваат една слика за позициите на родителите и нивното поврзување со сопствените деца, и при тоа даваат одговор на прашањата: како и на кој начин родителите дејствуваат. Во овој контекст се отвораат дилемите за себеперцепцијата на родителите поврзани со нивните компетенции, потреби и можности за воспитување на своите деца како автентичен родителски стил и пристап.

Денес родителите имаат можност да дознаат кои се предусловите за комплементарен психолошки, емоционален, социјален и интелектуален развој на детето. Досега се зборуваше за родителски стилови како: авторитативен, индиферентен, попустлив, авторитарен.

**Авторитативни** – се смета дека ова е здрава категорија на родители. Авторитативните родители се цврсти, но не груби или агресивно казниви. Тие се отворени за преговори. Станува збор за родители кои ги учат своите деца на конструктивни односи и вештини за адаптација. Овој вид родителство се смета за најефикасен и корисен стил на родителство за деца кои немаат проблеми во своето однесување. Авторитативните родители се лесни за препознавање бидејќи имаат високи очекувања, но и голема поддршка за своите деца.

**Индиферентни** – Некои родители ги лишуваат своите деца од вистинско родителство. Овие родители се фатени во себе и во сопствените светови. Понекогаш тие се работохоличари кои немаат време за родителство, понекогаш тие се зафатени со постојани „борби“ и едвај се свесни за своите деца. Нивните деца растат без никакво чувство за тоа кои се тие или како да се навикнат на комплексноста на животот. Овој вид родителство флуктуира во невнимателност како одговор на однесувањето на детето. Децата развиваат негативен или отсутен однос со својот родител, подоцна имаат тешкотии и потребно им е повеќе време да формираат односи со други луѓе, особено со деца на нивна возраст.

**Попустливи** – Попустливите родители не поставуваат граници за своите деца, својата љубов ја покажуваат со давање дозвола за сè што децата ќе посакаат. Најчесто дозволуваат децата да имаат моќ над нив. Ова родителство е уште еден специфичен стил на родителство. Станува збор за родители кои имаат тенденција да бидат меки додека се обидуваат да избегнат конфронтација. Правилата кои се поставени за децата од страна на попустливите родители се неконзистентни, овој недостаток предизвикува овие деца да растат со мала самодисциплина и самоконтрола.

**Авторитарни** – Авторитарните родители се родители кои првенствено ја користат казната (не наградата) за да ги одгледуваат своите деца. Честопати, казната се спроведува во ефект на срам. Децата на авторитарните родители растат исплашени, несигурни, лути и неприспособени. Често, како возрасни самите стануваат авторитарни родители и ја повторуваат истата постапка.

Во современ контекст се зборува за следниве **<u>родителски пристапи</u>**:

**Природно родителство** – за кое се смета дека родителите не мора да бидат совршени за да бидат добри родители. На мозокот на детето и на неговата животна филозофија им е потребно подмирување на основните потреби кои не се опипливи, видливи, затоа што се работи за состојби и за односи, а недостигот резултира со неостварување на детските потенцијали. Природно родителство е едноставно „нормално“ родителство кое може кај детето особено во раниот детски развој да ги стимулира сите природни развојни процеси. Постигнувањето на позитивното родителство не е прашање на воспитни методи и техники, како што досега родителите дејствуваат.

**Попустливо родителство** – за кое се смета дека базата е во отсуството на родителите за животот на своите деца и примена на несоодветни и попустливи воспитни методи.

**Едноставно родителство** – каде што се зборува за родителскиот, детскиот и животниот контекст. Постојат 4 категории (т.н. нови стандарди на современото живеење) со кои мора да се справиме, а тоа се: премногу предмети, премногу информации, премногу избор и премногу брзо темпо. Бидејќи децата се премногу задоволни, тие немаат време да размислуваат, истражуваат и да се релаксираат. Немаат кога да ги средат своите мисли и впечатоци, да фантазираат, а сето тоа доведува тие да се чувствуваат несреќни и одново незадоволни (Тасевска, 2020, стр. 49-51).

# 4. Улогата на родителите во оспособување на учениците за самостојно учење

Родителите на учениците имаат многу значајна улога во процесот на оспособувањето на нивните деца за самостојно рационално учење. Навистина, процесот на учењето е работа на самите ученици и никој во таа нивна работа не може да ги замени. Но, родителите, впрочем, како и наставниците, можат да им пружат директна и индиректна помош. Прво треба да се каже дека секој родител има и обврска, зависно од можностите, на своето дете (ученикот) да му обезбеди поволни услови за учење (работа). Пред сè, тука се мисли на уредување на работното место за учење во домот на ученикот (по можност во посебна просторија), нормално затоплување, осветлување, ученички прибор и сл., како што секој работен човек има свое работно место и прибор за работа, зашто и учењето е еден вид работа. Понатаму, родителот е тој што на своето дете може и треба најнепосредно да му помогне во изработувањето дневен и неделен план за учење. Оваа помош во почетокот е пообилна и непосредна, а постепено планирањето и организацијата на учењето треба целосно да се препуштат на самите ученици. На тој начин ќе му помогне на своето дете да ги развие сопствените организаторски способности. Се разбира, планот за учење треба да биде сообразен со задолженијата (обврските) на детето спрема училиштето и семејството, како и условите во неговиот дом. Се знае дека во секое семејство има куќен ред (на будење, подготвување за работа, јадење, одмор, домашни обврски, време на легнување итн.) и дека секој член на семејството треба да се придржува на тој ред и да ги извршува своите обврски. Меѓутоа, многу е поважна улогата на родителот во обезбедувањето услови за целосно исполнување на планот за учење на неговото дете во домот, како и во помошта на контролирањето на исполнувањето на планот. Ако родителот го знае планот за работа на своето дете, тој во тоа време не би требало да го ангажира со семејни обврски или на друг начин да го попречува во исполнувањето на планот. Непосредната помош од страна на родителот во самиот процес на учењето треба да биде сведена на минимум или воопшто да ја нема. Таа ќе биде нужна на почетокот,

односно кај децата од помалата возраст. Најважната улога на родителот е неговата постојана контрола над работата на детето. Оваа улога е многу тешка, сложена и над сè деликатна. Познато е и од секојдневниот живот дека контролата не му е пријатна никому, па и на детето, особено ако тоа се врши на непригоден начин. Во таа смисла е нужно одделенскиот раководител да ги упатува родителите на учениците како поуспешно да ја извршуваат оваа своја обврска. Исто така, мал е бројот на родителите кои можат повеќе да ги упатуваат своите деца во методиките и техниките на рационално учење. Но, затоа сите тие се доволно заинтересирани за тоа како да им помогнат на своите деца. Тие се и желни и поспремни да ги слушнат препораките што за тоа можат да ги дадат наставниците – особено одделенскиот раководител. Оттука произлегува и неопходноста за соработка помеѓу родителите и наставниците и по ова многу значајно прашање (Попоски, 1984, стр. 35-36).

## 5. Улогата на наставникот/одделенскиот раководител во интелектуалното ангажирање и осамостојување на учениците во наставата

Наставникот, односно одделенскиот раководител има посебна улога. Додека улогата на предметните наставници повеќе се однесува на подобрување на ефикасноста на ангажирањето на мисловната активност кај учениците во наставата, одделенскиот раководител, односно наставникот од одделенската настава е тој кој треба да ги даде основите на општите прашања за рационална организација на самостојното учење на учениците (вон наставата). Со оглед на тоа што неговата улога во воспитувањето на добар стил на самостојно учење е поспецифична, потребно е тој да биде и посебно подготвен.

Општите задолженија на одделенскиот раководител и наставникот од одделенска настава во оваа работа може да се сведат на следниве барања:

а) Добро да ги запознае учениците, односно нивните специфични тешкотии во учењето. Тој го следи и проучува секој ученик од паралелката и треба да умее да

постави дијагноза до каде стигнал, колку напредувал ученикот во осамостојувањето за самоучење, да може да ги утврди степенот на развиеност на навиките, методите и техниките за самостојно учење.

б) Врз основа на поставената дијагноза да ја планира работата за натамошен развој на учениците на овој план, да програмира поконкретни содржини и активности за оспособување за рационално учење и да работи на тоа оспособување.

в) Да врши неопходна контрола за тоа дали учениците навистина ги практикуваат тие активности, колку адекватно ги исполнуваат, стануваат ли нивна своина како навики, методи на работа, умеења и знаење.

г) Да соработува со другите наставници и родителите во врска со осамостојувањто на учениците за самостојно рационално учење (Попоски, 1984, стр. 27-28).

## 6. Однос наставник – ученик

Дел од „паметниот“ училиштен контекст е здрав однос помеѓу наставниците и учениците. Позитивните односи се поврзуваат со компетенцијата за учениците со нивните врсници, образовното достигнување, социјалниот развој, концептуален развој и бихевиорална компетенција (Davis, 2003).

Социо-културолошката перспектива за овие односи признава дека тие не може да бидат одделени од училниците и училиштата во кои учениците и наставниците поминуваат голем дел од своето време. Дејвис опишува како односите се вградени во рамките на училниците. Училниците се, од друга страна, вградени во училиштата и училиштата во „образовната култура диктирана од локалните и општествените норми“. Со овие размислувања, овие се индикаторите на добрите односи помеѓу наставникот – ученикот:

- Поддршката од наставникот и негова помош при идентификувањето, изразувањето и менаџирањето на нивните емоции.
- Почитта од наставникот за мислењата на учениците и нивниот начин на разбирање.
- Обезбедување можности за автономија и препознавање.
- Обезбедување можности за самопроцена, вклучувајќи помагање на учениците да разберат што е потребно за добра работа.
- Акцент на наставникот на добрата работа и разбирањето (учењето) отколку само на извршување на работата.
- Позитивна клима во училница, вклучувајќи ги напорите да се гаи социјалната одговорност и да се поддржи просоцијалното однесување.
- Организација и подготовка на наставникот.
- Моделирање на ефективни стратегии за учење од страна на наставникот (Џордан, Порат, 2017, стр. 172).

## 7. Разбирање на учениците: поддршка во училница

### Пет карактеристики на справувањето во училница

Џоунс (цитиран кај Емер & Стоу, 2001) ги идентификува следните пет основни карактеристики на управувањето во училницата:

1. Разбирање на тековните истражувања и теорија за управувањето со училницата, психолошките потреби на учениците и нивните потреби за учење.
2. Создавање позитивни односи помеѓу наставникот – ученикот и помеѓу врсниците.
3. Користење инструкциски методи кои го помагаат оптималното учење преку земање предвид на образовните потреби на индивидуалните ученици и групата во училницата.

4. Користење организациски и групни методи на управување кои го максимизираат однесувањето во однос на задачата.
5. Способноста да се користат советодавни и бихевиористички методи за помагање на учениците кои демонстрираат постојани или сериозни проблеми во однесувањето (Џордан, Порат, 2006, стр. 244).

### 7.1. Култура во училница

Образовните истражувачи Волберг и Гринберг (1997) откриле дека социјалното опкружување во училницата е една од примарните детерминанти на учењето. Користејќи го пописот за опкружувањето за учење кој тие го дизајнирале, тие откриле дека учениците високо ги рангирале следниве аспекти од училницата:

- Уживање во работата
- Предизвик
- Кохезија во одделението
- Добро физичко опкружување (книги, опрема, простор, светлина)
- Заедничко донесување одлуки
- Јасни цели
- Формални правила на однесување
- Брзина на работата
- Разноликост на учениците
- Степенот до кој разноликоста се зема предвид.

Учениците изјавиле дека следново има негативно влијание на нивното учење:

- Апатија
- Фаворизирање
- Викање
- Неорганизираност
- Отпор (Џордан, Порат, 2006: 173-174).

## 7.2. Комуницирање со учениците: Јасност, почитување и охрабрување

### 7.2.1. Развивање на способноста за слушање

Една од најефективните комуникациски вештини која еден наставник може да ја развие е способноста да слушне што еден ученик му кажува. Лицето кое слуша што му се кажува го почитува говорникот.

### 7.2.2. Развивање стил за предавање – учење засновано на заемна почит

Само преку слушање и потоа одговарање на соодветен коментар или прашање, инструкторите се здобиваат со знаење во интеракцијата наставник – ученик. Заемната почит е важна компонента на која било ситуација со предавање. Таа формира основа за најголемиот број стратегии во управувањето со училницата и дозволува учењето да биде кооперативен потфат. Таа овозможува форум за отворени дискусии, дозволува ефективна интеракција родител – наставник и го подобрува чувството на заедништво.

## 7.3. Видови комуникација од страна на наставникот

Постојат различни видови комуникација од страна на наставникот, од формално испрашување до користење на јазикот на телото, тие доловуваат различни пораки на ученикот.

- ***Вербални и невербални интеракции***

Традиционалната техника за управување е наставникот да може да се придвижи кон ученикот кој не обрнува внимание. Близината на наставникот е често доволна за пораката „внимавај“. Различните техники на предавање за давање упатства зависат од возраста на учениците и комплексноста на упатствата.

- ***Соодветно охрабрување и пофалба***

Образовното достигнување е повисоко во одделенијата каде што наставниците пружаат охрабрување и пофалба, користат повеќе невербална поддршка и се разбрани и пријателски настроени. Ставовите кон оваа тема исто така се подобрија кога наставниците им поставуваат предизвикувачки прашања на учениците и во исто време ги охрабруваат. Учениците се чувствуваат добро поддржани кога наставниците веруваат во нивната способност да учат и стануваат партнери во помагањето на учениците да ги постигнат нивните цели за учење (Џордан, Порат, 2006, стр. 245-246).

## 7.4. Комуницирање со родителите: Јасност и одговорност

Најголемиот дел од родителите навистина го сакаат она што е најдобро за нивните деца. Кога го користиме терминот родител, ние истиот го прошируваме на сите примарни одгледувачи (на пр. старател, дедо или баба, посвоител). Родителите се вообичаено повеќе вклучени во училиштето во текот на основното образование отколку во средното. Би било тешко да се посочи една причина за оваа промена. Како наставници, често увидуваме дека семејствата се често соочени со временски ограничувања. Ова влијае на времето кое родителите го имаат за активно учество во образованието на своите деца. Недостатокот на вклученост не имплицира дека семејството не е загрижено, но често семејните обврски, како што се помалите деца, работните смени или дневниот престој, ја оневозможуваат способноста на родителот да учествува. Ова не значи дека наставникот не може да комуницира со родителите, туку дека наставникот треба да биде повеќе проактивен, а понекогаш и креативен, во контактот со родителите (Џордан, Порат, 2006).

## 7.5. Начини за намалување на проблемските ситуации

Постојат повеќе примери кога наставниците може да бидат упорни да се справат со родителите, како што е случајот на проблеми со дисциплината или кога тие знаат дека еден родител не е задоволен со ситуацијата. Бабкок и Бекланд (2001) нудат некои предлози за намалување на тензиите:

- ✓ Прво зборувајте за позитивните нешта.
- ✓ Разговорот нека биде насочен кон ученикот за родителите да бидат свесни дека фокусот на грижата е за ученикот како личност.
- ✓ Дозволете им на родителите „да кажат што имаат“ прво за одредени прашања да бидат веднаш разрешени.

## 7.6. Можности за интеракција родител – наставник

Доколку наставникот започне со комуникација веднаш на почетокот, негативните средби ќе бидат поретки. Родителите не само што чувствуваат дека тие знаат што се случува на училиште, но тие исто така се чувствуваат послободни да контактираат со наставникот за да постават одредени прашања пред да се развие тензична ситуација.

# 8. Ученикот во процесот на воспитание и образование

Образованието е процес на перманентен развој на човечката личност, на знаењата и процес на развој и стимулација на способностите и активно учење. Наставата како форма на воспитно-образовниот процес е создадена токму за да се реализираат овие цели. Тоа значи „учениците да стекнат спознание за законитостите на природата, општеството и човечкото мислење, да ги стекнат овие знаења, вештини и навики кои ќе бидат потребни за вршење на општествена улога.“

Ученикот е основа на сите претпоставени цели и задачи во училиштето. Тој ја создава наставата и ги асполвира наставните содржини спрема своите потреби, можности и интереси. Тој е активен и интерактивен кога себеси се доживува како дел од воспитниот и образовниот процес (Ќупева, 2014, стр. 66-69).




Слика бр.1. (преземено од Ќупева, 2014, стр. 68)

Во современото училиште, ученикот треба да стане смисла, цел задача и содржина на промените кои ќе го воведат во светот на компетенцијата и конкуренцијата, за да се оспособи за успешна комуникација во него.

# 9. Наставникот во воспитно-образовниот процес

Во процесот на наставата, наставникот е испраќачот на пораките. Истовремено, тој е стимул (мотивација) за одговор. Ученикот, чијашто примарна улога е улогата на примач на пораките, во оваа интеракција станува испраќач. Според професионалниот статус, според улогата што ја има и целта што треба да ја постигне, наставникот носи голема одговорност за успешната комуникација со ученикот/учениците. Целокупното негово однесување претставува порака. Преку директниот контат (face to face) и непосредниот однос, наставникот е своевиден интерактивен медиум.

Од аспект на педагошкиот пристап кон реализацијата на содржините, наставникот треба да организира и реализира содржини преку неколку фази, и тоа:

1. Свесност за проблемот (содржина на наставниот час);
2. Разбирање на проблемот;
3. Можни солуции за негова интерпретација и решавање (со активно вклучување на повеќе ученици);
4. Визуализација на ефектите од можните солуции;
5. Дејствување врз аудиториумот/учениците;

Подготовката, организацијата на содржините на наставниот час, улогата на наставникот во создавањето контакт меѓу него (како испраќач) и учениците се основите на педагошката комуникација. Наставникот го воспоставува односот со ученикот преку мотивација на ученикот за прифаќање и реализација на соодветни содржини. Наставникот треба да го придобие вниманието на ученикот преку личен избор на различни реторички вештини, психолошки пристапи и социјални техники за интеракција со различни поединци и групи (Ќупева, 2014, стр. 104-105).

## 9.1. Преглед на улогите на наставникот во современата настава

Во современата настава наставникот остварува мошне многу улоги и секоја од нив има свое незаменливо место. Тие се однесуваат не само на неговата работа во наставата во училница, туку и надвор од неа, во вонннаставните активности. Дел од нив на прв поглед се исти како и во традиционалната настава, а во суштина се во голема мера изменети: или се збогатени во својата содржина или се остваруваат многу поинаку отколку во постојаната практика.

Улогата на наставникот во концептот на современата настава е битно изменета во споредба со онаа што ја има во традиционалната. Училиштето во изменетите општествени, културни, економски, политички, социјални и други услови има поинаква улога – ставено е пред поинакви обврски. За остварување на новата позиција на училиштето се бара и поинаков наставник. Се разбира, и натаму основна негова задача е да поучува, но и поучувањето добива нова содржина и значење.

Основната задача на наставникот не е, или подобро речено не би требало да биде само како „насочувач на учењето на учениците“ преку давање готови знаења. Во модерната, флексибилна организација на наставата неговата носечка задача се поместува од поучувањето на учениците (особено директивно, непосредно) кон нивното учење. Тоа подразбира и промени во однесувањето на наставникот. Едни се постапките на директно поучување, а сосема други кога е поважно самостојното учење на ученикот. Сега наставникот сè помалку е извор на знаење, а сè повеќе посредник меѓу знаењето и ученикот до кое тој доаѓа и од други извори. Затоа тој добива улога на консултант, координатор, организатор, поттикнувач итн. Всушност, со тоа не се намалува ни значењето на улогата на поучување, туку, напротив, таа добива нова содржина и квалитет и станува уште позначајна. Дури, тоа треба да се усовршува и издигне на повисоко ниво. Но, најнапред да видиме кои се основните улоги на наставникот во современата настава, која го преферира активното учење на учениците (Попоски, 1998, стр. 59).

### *А. Улога на спознавач (дијагностичар) на иницијалната состојба*

Уште на почетокот на учебната година наставникот мора да знае со кого ќе работи – кого ќе поучува, што ќе работи – во што ќе ги поучува учениците во текот на годината и во какви објективни околности ќе ја изведува наставата. Сето тоа е дел од она што се нарекува „влез“ во наставата и од што во голема мера зависат нејзините ефекти. Спознавањето на иницијалната состојба, нејзиното дијагностицирање е почеток на поттикнувањето на развојот на секој ученик и основа за прогнозирање на потенцијални можности за идното учество во наставниот процес. Овие активности на наставникот (кои потоа, во текот на годината, минуваат во формативно следење и оценување на постигнувањата на учениците) треба да му послужат посоодветно да ја подготви и организира својата и работата на учениците, но и за да може на крајот, или по завршувањето на на одредена етапа од наставата, да процени каков напредок е остварен во развојот на учениците, односно кои цели се постигнати, а кои не се. Оваа улога на наставникот опфаќа:

- Запознавање со визијата на училиштето;
- Запознавање со целите и содржината на наставната програма според која треба да се изведува наставата;
- Запознавање со обезбеденоста на училиштето со нови наставни средства и помагала, опрема, прирачна и друга литература, како и други извори на знаење и објективни услови за ефикасна настава (учење);
- Запознавање со обезбеденоста на учениците со учебници и друг неопходен прибор за работа (учење);
- Проверка на предзнаењата на учениците, сфатени во поширока смисла на зборот, односно утврдување на степенот на нивниот когнитивен развој;
- Запознавање со интересите и ставовите на учениците, како и нивната мотивираност за учење;
- Запознавање со стиловите на учење кај учениците и степенот на оспособеност за самостојно учење, како и други индивидуални особености на секој ученик;

- Запознавање на социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на учениците;
- Запознавање со условите (семејни, материјални, станбени и други) во кои живее и работи (учи) ученикот.

Денес, во современата настава, во која посебно внимание се посветува на индивидуализацијата на наставата, на нејзиното приспособување на можностите на секој ученик, незамисливо е таа да се планира, подготвува и реализира, без да се земат предвид и индивидуалните особености на учениците и сите други објективни околности во кои се работи.

***Б. Улога на планер и подготвувач на наставата и другата воспитно-образовна и стручна работа***

Ниту една работа, па ниту наставата не може да биде успешна ако претходно не е добра планирана и ако не се направени соодветни подготовки. Затоа, една од првите обврски на наставникот е да ја планира и подготви реализацијата на наставата. Оваа негова улога е клучна и опфаќа повеќе активности.

***а) Планирање, подготвување и организација на наставата***

Планирањето на наставата и подготовките за нејзино реализирање е неодминлива обврска на секој наставник. Тој ги планира не само сопствените активности во наставата (како ќе поучува), туку сè повеќе акцентот го става на планирање на активностите на учениците и на подготовките за нивно изведување. Во таа смисла наставникот:

- Ги определува *целите* на наставата водејќи и сметка за барањата на програмата и можностите на учениците (што ќе можат, ќе умеат, ќе знаат учениците по завршување на наставата);
- Ги планира *содржините* на наставата во согласност со целите (што ќе учат учениците);

- Ги планира и обезбедува (подготвува, изработува) или овозможува да им бидат достапни на учениците *изворите на сознавање* и другите наставни средства и помагала (од каде ќе учат учениците);
- Ги планира *формите и методите на работа* (како ќе учат учениците);
- Го планира *потребното време* за изведување на одделните видови наставни активности со учениците (набљудување, групна работа итн.), односно што, како и *колку време ќе учат, ќе работат учениците;*
- Ги планира *местото, просторот* и каде ќе се одвиваат одделни активности со учениците и врши соодветни подготовки за негово уредување и организирање (*каде ќе учат, ќе работат учениците*);
- Ги планира *постапките (начините) и техниките за проверување и оценување* на степенот на постигнатост на поставените цели и изработува инструменти за тоа (*како ќе провери дали се постигнати целите на наставата*).

***б) Планирање и подготвување на другите активности***

- Ги планира и организира воннаставните активности со учениците (цел, содржина, форми, време, место, средства за работа);
- Ги планира видот, содржината, формите и динамиката на соработка на стручен план со колегите и другите субјекти во училиштето и надвор од него;
- Ја планира и организира соработката со родителите на учениците (содржина, форми, време, место и сл.);
- Ги планира и сите други активности што ќе му бидат доделени во училиштето.

***в) Планирање на сопственото усовршување***

- Ги планира сите аспекти на сопственото самообразование (содржина, форми, време и начини на остварување);

- Учествува на разни форми на стручно усовршување што ги организираат други установи и организации.

***1. Улога на поучувач (изведувач, реализатор на наставата)***

Ова е најсуштествената улога на наставничката професија, сфатена во потесна смисла на зборот. Таа е најдоминантна обврска на наставникот, како според времето што ќе ѝ го посветува така и според сложеноста на реализација и значењето што го има за учениците. Затоа и нејзината содржинска структура е богата и разновидна. Всушност, таа има повеќе аспекти, кои чинат една целина и кои само условно може да се издвојат како релативно одделни. Како такви може да се сметаат следниве:

***2. Улога на информатор – извор и пренесувач (предавач) на знаења***

Во традиционалната настава овој аспект на поучувањето на наставникот бил најважниот, и тоа сфатено како директно пренесување (предавање) на готови знаења. Во современата настава тоа е значително поинаку. Во неа наставникот е поттикнувач или насочувач на активностите на ученикот во стекнувањето нови знаења. Во таа смисла тој:

- Врши актуелизација на претходните знаења на учениците, значајни за усвојување на новото знаење;
- Со учениците прави преглед на целите на наставата (часот);
- За презентирање на знаењата користи разновидни наставни средства, помагала и други работни материјали;
- Ги структурира и на учениците им ги презентира наставните содржини;
- Дава информации и ги развива поимите преку предавања и демонстрации;
- Користи соодветни примери како илустрација на одделни поставки или како основа за индуктивно заклучување;

- Го дополнува предавањето со повратни информации или со додатно поучување;
- Ги упатува учениците во смислена употреба на учебниците и во користење други извори на знаење;
- Коректно се служи со научниот јазик и во тоа ги упатува и учениците.

### *3. Улога на водач, насочувач и координатор на наставниот процес*

Да се води, координира и насочува наставниот процес значи да се има увид во работата (учењето) на сите ученици во паралелката заедно (како група) и на секој посебно. Тоа е грижа за процесот на учење кај секој ученик колку што дозволуваат околностите. Тоа е сè она што го прави наставникот во текот на наставата за да ја поттикне и одржи работната атмосфера и на учениците да им го олесни сфаќањето и усвојувањето на материјалот и да ги развие нивните способности. За остварување на оваа негова улога наставникот:

- Дидактички го структурира наставниот процес, односно применува соодветни наставни форми, дидактички принципи и методи и техники на работа;
- Ги предизвикува и одржува интересот и вниманието кај учениците и ги насочува на суштествените цели на наставата;
- Ги следи флуктуацијата на интересот, мотивацијата за работа и вниманието и применува соодветни методи и постапки за нејзино отстранување;
- Го определува темпото на работа на паралелката, групите или одделните ученици и се грижи за рационално користење на наставното време;
- Се грижи за организацијата и уредноста на просторот за работа за неопходните работни материјали и со учениците ги утврдува правилата за нивно користење;
- Обезбедува услови и ги поттикнува учениците да изведуваат неопходни повторувања, вежби и други активности за практична примена на знаењата;
- Ја поттикнува и поддржува самостојната работа на учениците;

- Им помага на учениците да го структурираат своето мислење, да ги аргументираат своите искази, да ги илустрираат со примери, да искажуваат спротивни мислења, да ги прецизираат своите искази, да ја издвојат основната идеја (мисла) и сл.;
- Овозможува учениците спонтано и слободно, без страв од прекор, да ги искажат своите дилеми и тешкотии во усвојувањето на новото знаење, да поставуваат прашања во врска со него, нешто и сами да проверат, да се обидат да го применат во нови ситуации, па и ако погрешат.

### *4. Улога на партнер во педагошката комуникација*

Учеството во педагошката комуникација, како процес на упатување, пренесување и примање вербални и невербални пораки од наставникот кон учениците и обратно, а со цел да се поттикне процесот на интеракцијата заради поуспешно учење (образование и воспитување) на учениците, од наставникот бара да поседува и да практикува разновидни умешности на комуницирање со нив. Оваа улога опфаќа:

- Поставување прашања, или барања, како и упатување на други видови вербални и невербални пораки од учениците;
- Одговарање на прашања од учениците, како прифаќање (примање) или декодирање вербални и невербални пораки од учениците;
- Давање поддршка на искази на учениците, односно мислења, коментари и оцени (судови) на реакциите во комуникацијата со учениците;
- Недиректно поттикнување на учениците да поставуваат прашања, да ги искажуваат своите дилеми и проблеми;
- Поттикнување на интеракциите и разните видови комуницирање меѓу самите ученици;
- Искажување поддршка или други видови позитивни вербални и невербални реакции во врска со одделни активности на учениците (пофалба, награда и слично);

- Поттикнување, насочување и водење разновидни групни разговори (дискусии) со учениците, а не само дијалог;
- Иницирање, поддржување и насочување на рефлексивна комуникација во паралелката, односно овозможување отворено, слободно искажување на сопствените мисли, почитување и сослушување на соговорникот, размислување за туѓите идеи, упатување на повратна порака/реакција итн.

### *5. Улога на оценувач на постигнатите знаења на учениците*

Следењето, проверувањето и оценувањето на постигнувањата на учениците е иманентна компонента на наставниот процес. Предмет на оценување во наставата и во останатата воспитно-образовна работа е севкупниот развој и напредок на секој ученик, односно промените во когнитивната, емотивната и психомоторната компонента на неговата личност што настануваат како резултат од учењето. За остварување на оваа значајна обврска, наставникот:

- Избира, подготвува и употребува соодветни методи, постапки и техники на проверување на знаењата (тестови на знаења, скали на процена, набљудување итн.);
- Употребува соодветна стратегија на испрашување на учениците;
- Ги запознава учениците со критериумите на оценување и ги оспособува за самооценување;
- Води евиденција на постигнувањата на учениците;
- Ги проценува сите видови изработки на учениците;
- Ги информира родителите за постигнувањата на учениците во усвојување на знаењата и другите цели на наставата;
- Го следи и проценува развојот на интересите, ставовите и мотивираноста на учениците во наставата;

- Го следи и проценува односот на учениците кон другите луѓе и кон самите себе;
- Го следи и проценува развојот на способностите на учениците.

***Д. Улога на креатор и регулатор на социјални интеракции***

Оваа улога наставникот ја остварува со учениците во наставата и надвор од неа, како и со колегите и другите соработници во училиштето, со родителите на учениците и со други субјекти вон училиштето.

***а) Креатор и регулатор на односите со паралелката***

- Заедно со учениците ги утврдува правилата на однесување во паралелката (групата) во текот на наставата и надвор од неа со кои се регулира дисциплината на учениците;
- Со своето однесување (постапување) влијае, односно го поттикнува и поддржува создавањето на демократски односи во одделението/класот (групата);
- Како член на групата остварува разновидни социјални улоги (иницијатор, координатор, водач и сл.) за одвивање на социјалните активности;
- Решава или помага во решавањето конфликти во одделението и влијае на односите наставник – ученик;
- Настојува во одделението да се развиваат односи на кооперативност и фер компетитивни односи.

***б) Учесник во социјални интеракции со други субјекти во училиштето и надвор од него***

- Соработува со колегите од исти или сродни предмети (подрачја), со стручните соработници во училиштето и со раководните органи и тела;
- Комуницира со родителите на учениците (ги информира и се информира од нив за работата/учењето и постигнувањата на учениците);

- Воспоставува соработнички односи и со други субјекти надвор од училиштето заинтересирани и/или надлежни за работата на наставникот.

### *6. Улога на поттикнувач на интересот и мотивацијата кај учениците за учење*

Ефективната инструктивна работа на наставникот со учениците (поучувањето) не е можна ако тие не се заинтересирани и мотивирани за учење. Затоа наставникот:

- Настојува наставата и другата работа со учениците да бидат пријатни и интересни;
- Ги поттикнува постојните и создава и развива нови интереси кај учениците;
- Ги поддржува позитивните, а ги сузбива негативните интересирања;
- Користи постапки со кои ќе ги поддржи, поттикне и охрабри учениците во сите видови посакувано (позитивно) однесување;
- Ја поддржува, поттикнува и развива внатрешната мотивација за учење кај учениците.

### *7. Улога на одделенски/класен раководител*

Оваа улога не е директно поврзана со изведување настава, но е значајна за функционирањето на паралелката како група и за поединците во неа. Како што е познато, за секоја паралелка ученици во основните средните училишта е определен еден наставник како одделенски/класен раководител. Многу е мал бројот на наставници на кои не им е доделена ваква улога. Обврските на наставникот носител на оваа улога се:

- Следење на постигнувањата (успехот) на учениците во паралелката и на поединците во неа, откривање на причините за евентуалниот неуспех и преземање конкретни активности во врска со тоа;
- Давање помош (поттикнување, сугерирање, предлагање, инструирање и др.) директивна партиципација во организирањето на активностите на групата (паралелката) надвор од наставата и училиштето (излети, посети на културни настани и установи, натпревари, средби итн.);
- Давање индивидуална помош на учениците во решавање на нивните проблеми во учењето, емоционални или друг вид тешкотии, особено во кризните периоди од нивниот развој;
- Соработка со родителите на учениците од паралелката: меѓусебно информирање за работата и оценувањето на учениците во училиштето и домот, со цел да им се даде соодветна помош во развојот на нивната личност;
- Соработка со другите наставници кои изведуваат настава во паралелката на која тој не раководител заради поквалитетна реализација на наставата или разрешување одделни тешкотии во работата со учениците;
- Раководење со седниците на одделенскиот/класниот совет на кои се расправа за работата (постигнувањата) на учениците во паралелката чиј раководител е;
- Водење на задолжителната педагошка евиденција и документација која се однесува на учениците од паралелката;
- Други обврски утврдени со статутот на училиштето.

### *8. Улога на истражувач и иноватор на сопствената работа*

Оваа улога на успешниот наставник со современата настава е толку значајна, што не е можно да не се издвои како посебна. За нејзино остварување наставникот:

- Врши самоконтрола, самопроверување и самооценување на сопственото работење;
- Ги идентификува тешкотиите, слабостите и проблемите во својата работа;

- Самостојно или во соработка и/или помош на други субјекти ги истражува причините за слабостите во својата работа;
- Планира и реализира (самостојно или во соработка со други) мали акциски истражувања на одделни проблеми или акциски иновирања;
- Учествува во истражувања што ги вршат и други субјекти (установи, институти);
- Ја коригира (подобрува, унапредува) сопствената работа врз основа на своите и сознанијата на другите за неговото работење.

Ова е релативно нова улога (обврска – но и потреба) на наставникот, без чие успешно реализирање не е можно сопствено професионално напредување и поквалитетно остварување на сите свои обврски (улоги) (Попоски, К., 1998, стр. 60-72).

### 9.2. Улога на модел (пример) на позитивна личност

Одамна е познато дека наставникот влијае на развојот на учениците и како човек, како личност, а не само како стручњак, со своите професионални улоги. Примерите на учење по модел, односно на имитирање или идентификување (свесно или несвесно) со личности кои ги цениме и почитуваме само го потврдуваат тоа.

Всушност, од наставникот како личност и се очекува да поседува одредени карактеристики, убедувања, емоции и сл. Дури, во законите за основно и средно образование се вели дека наставник може да биде лице кое е неосудувано со правосилна судска пресуда „за кривични дела против достоинството и моралот“, односно за „кривични дела кои ги прават недостојни за вршење воспитно образовна дејност“.

Во таа смисла, кај оваа улога на наставникот се битни:

- Цртите на неговиот темперамент, особено се пожелни: смиреност, смисла за хумор;

- Цртите на карактерот на наставникот: чесност, правичност, трудољубивост и истрајност;
- Начинот на неговото вербално и невербално изразување;
- Способностите на наставникот;
- Системот на вредностите што тој ги прифаќа, неговите идеали, цели и желби;
- Физичкиот изглед на наставникот (Попоски, 1998, стр. 72-73).

## 9.3. Функции на наставникот како одделенски раководител

Одделенскиот раководител е педагошки, организациски и административен раководител на одделението. Неговата работа зависи од видот на училиштето, возраста na учениците, организациските шеми врз кои се работи на училиштето и некои други фактори. Основните должности на одделенскиот раководител се:

**а) Педагошка функција:**

- Систематски го следи развојот на секој ученик, нивниот успех, односно неуспех и им помага во разрешувањето на личните проблеми;
- Врши советодавна и воспитна работа со учениците (поединечно, групно и со одделението во целина);
- Го поттикнува и насочува процесот на формирање на јавното мислење во одделението, работи на збогатување на интерперсоналните односи во одделението, помага во работата на одделенските заедници и воспоставува врски помеѓу учениците од различни одделенија;
- Презема мерки за отстранување на причините за неуспех на одделни ученици и ги решава воспитно-дисциплинските проблеми;
- Се грижи за активностите на учениците кои го поттикнуваат формирањето на нивните хигиенски, културни и работни навики.

**б) Организациска и координирана функција:**

- ја координира и ускладува работата и потребите на сите наставници кон учениците (преку лични контакти и на одделенските и наставнички седници – совети);

- раководи со работата на одделенскиот совет (припрема седници спроведува одлуки);

- го координира организирањето на дополнителна и додатна настава, слободните активности на учениците и другите облици на воннаставни активности ангажирани на учениците;

- ја контролира вкупната оптовареност на учениците со наставни и воннаставни активности;

- ја координира активноста на училишниот педагог и психолог во однос на учениците од своето одделение, како и во однос на нивните родители;

- соработува со родителите;

- воспоставува контакти помеѓу училиштето и родителите;

- ги проучува и ги следи социјално-семејните состојби на ученикот и за тоа, по потреба, ги известува наставниците, училишниот педагог, училишниот психолог и управата на училиштето.

**в) Административна функција**

- педагошка евиденција и документација на учениците и одделението;

- ажурирање на другите податоци за учениците (дневникот за работа, личните картони, матичната книга, здравствените картони, документацијата за писмените работи, посетувањето на родителите и сл.);

- регистрирање на службената преписка со родителите и старателите на учениците и другите институции;

- проследување на документацијата за учениците кои го промениле училиштето (запишани, испишани и сл.);

- ги разгледува извештаите за воспитно-образовната работа во неговото одделение и ги анализира резултатите.

Заради многу сложените работи кои треба да ги извршува одделенскиот раководител и личните карактеристики кои треба да ги поседува, за одделенскиот раководител, по правило, се бираат најспособните и најдобрите наставници во училиштето. Пожелно е тоа да бидат наставници кои се популарни кај учениците и кои имаат одреден општествен углед во локалната средина, т. е. меѓу родителите.

Функцијата на одделенски раководител главно ја добиваат наставници кои имаат поголем број часови неделно и во одредено одделение што не мора да биде правило, ниту, пак, гаранција за успешно извршување на таа должност. Битно е дека наставникот мора да биде лично мотивиран за работа со одредено одделение, учениците да го сакаат за одделенски старешина и да биде педагошко-психолошки оспособен за таа работа (Трнавац, 1996, стр. 109-111).

## 10. Семејството и училиштето

Современото дете поминува многу време во училиште. Речиси секоја генерација во училиште поминува околу 10, а некогаш и повеќе години (во обврски кои ги опфаќаат основното образование и воспитание). Иако овде целта не е да се согледа успешноста на нашето училиште, пошироките податоци во врска со неуспехот би можеле да помогнат подобро да се согледаат проблемите на образованието и воспитанието, а понатаму и она што е поважно, односно како неуспехот кој го доживуваат учениците и нивните семејства и што се случува со оние

ученици кои не успеваат да го завршат училиштето. Со такви податоци би било речиси потполно невозможно да се согледаат прашањата за тоа: како училиштето како друштвена институција преку своите програми и својата целокупна работа влијае на образованието, а посебно на воспитанието на децата и младите, како и колку придонесува за реализација на целите, односно општите определувања и како во таа смисла се одвива соработката со родителите и како му помага на семејството во неговите напори да воспита и образова зрела и стабилна личност. Училиштето како друштвена институција во која се извршува значаен дел на воспитно-образовната работа во современото општество непосредно го поврзува своето делување со делувањето со семејството (Dordevic, 1979, стр. 131-132).

### 10.1. Успешни семејства

Успешно семејство е семејство кое функционира на здрави начини. Тоа ги поддржува и ги негува сите членови така што сечии потреби се задоволени. Иако среќата и задоволството може периодично да се јавуваат кај членовите на успешните семејства, тие не се единствените емоции кои ги доживуваат. Тие чувствуваат широк спектар емоции и имаат слобода и способност да ги изразат емоциите кога е соодветно. Успешно семејство не е семејство во постојана благосостојба. Тоа има и лоши и добри периоди, како што има секој индивидуален член.

Постојат многу дискусии за дисфункционалните семејства. Многу луѓе откриле дека начинот на кој биле воспитани не бил добар за нив – нивните семејства биле насилни, создавале меѓусебна зависност и ги учеле членовите на семејството да ги игнорираат сопствените потреби. „Дисфункционалното семејство“ не е надвор од денешното општество, кое негува систем во кој некои луѓе имаат моќ над другите и каде што потребите на секој човек се исполнети. Моќта, и во општеството и во семејството, често, се користи како меч отколку да зрачи како светлина. Привилегијата и хиерархијата, одобрени од општествениот систем, често ни ја уништуваат способноста да бидеме тие што сме навистина. Тие ја одземаат нашата

лична моќ. Дисфункционалното семејство се одразува на дисфункционалните делови на општеството.

Темата за силните кои доминираат над послабите е присутна во семејството и во општеството. Ако ја одведеме оваа тема до крајност, ќе забележиме дека светскиот мир во минатото зависел од тоа посилните нации да складираат што повеќе оружје за да се спречи меѓусебното започнување војна. Тоа е крајноста во пристапот на моќ за согласување со другите. Не е ни лудо што семејствата биле под притисок да им помогнат на своите членови за да израснат на здрав, разумен начин, за тие да станат што навистина се како уникатни луѓе – секој од нив способен да зрачи со моќта однатре.

Семејствата почнуваат да ги воспитуваат своите деца за општеството кое почнува да се појавува – општество во кое ќе биде можно да се одгледаат децата без да бидат злоупотребувани и да бидат поврзани и независни, општество во кое моделот на доминирање му оддава место на вистинскиот модел на еднаквост. Родителите учат како да ја искористат својата моќ со или за нивните деца наместо да ги надвладеат и да доминираат. Тие учат како да ги зајакнат нивните деца – што значи да им дозволат да ја доживеат личната моќ и тоа им го дава чувството да бидат тие што се и чувството дека имаат некако влијание врз светот и луѓето во него. Луѓето кои се зајакнати немаат потреба од надвладување или манипулирање со другите луѓе. Тие имаат слобода да живеат такви какви што се – да го исполнат својот уникатен потенцијал. Тие ќе одбијат да бидат обликувани во некоја предодредена улога.

## 10.2. Семејството, домот и училишниот успех на учениците

Социјалната класа, семејната структура, брачниот статус на родителите, етничката припадност или количеството пари кои ги има семејството не прават разлика во тоа колку ќе биде успешно детето на училиште. Тоа што е најважно е што се случува во домот.

Родители може да бидат сиромашни, невенчани и необразовани, сепак да успеат да одгледаат деца кои се способни да имаат успешна училишна кариера. Тоа може да биде потешко ако е некој сиромашен, невенчан и необразован, сепак е можно.

Како успеваат семејствата да создадат рани искуства кои резултираа со училиштен успех во иднината? Тие го прават тоа на различни начини – вклучувајќи го начинот на кој се поврзуваат со нивните деца, видот на животот што им се обезбедува дома и тоа што ги учат тие.

Прво, децата мора да бидат заштитени. Родителите кои ги подготвуваат нивните деца за иден успех во училиште знаат како да ги заштитат од физичка и од психолошка штета. Тие поставуваат граници. Тие го надгледуваат однесувањето на децата и надгледуваат каде се наоѓаат децата.

Овие семејства ги сметаат нивните деца за способни и имаат визија за иднината во која детето е способен ученик. Тие поттикнуваат секакви видови учење преку начинот на кој се поврзуваат со нивните деца, начинот на кој зборуваат со нив и активностите кои им ги дозволуваат. Тие ги учат децата на социјални вештини дефинирајќи го соодветното однесување за нив. Тие им даваат повратни информации за да им ја зголемат чувствителноста кон другите. Тие го прават ова на мил и нежен начин создавајќи емоционална средина која го нагласува решавањето. Тие им помагаат на децата да научат како да бидат лидер, но и како да ги следат другите. Тие ги учат да се концентрираат, да се фокусираат, да бидат внимателни и да ги проследат своите намери докрај. Најмногу од сè, тие ги почитуваат децата и себеси.

## 10.3 Соработката меѓу родителите и наставниците е важен фактор за успех на детето

Карактеристиките на односот меѓу родителите и наставникот претставуваат битен елемент од кој директно зависи квалитетот, ефикасноста и рационалноста на соработката. Наједноставно гледано се издвојуваат две сфаќања за односот меѓу

родителите и наставникот во процесот на соработка. Според првото, родителите и наставниците немаат рамноправна позиција во процесот на соработка. Имено, наставниците, како професионални воспитувачи, знаат повеќе и подобро од родителите кон својата родителска функција ја обавуваат без никакво посебно стручно оспособување. А според второто сфаќање, наставниците и родителите се рамноправни учесници во процесот на соработка. Составен дел во редовното стручно образование на наставниците треба да биде и нивното оспособување да ги прифаќаат ставовите на родителите, проблемите да ги разгледуваат и од аспект на родителот, да ги почитуваат нивните знаења за сопствените деца, и нивните воспитни постапки. И втор значаен сегмент е инсистирањето за поттикнување и развивање позитивни ставови на наставниците и родителите, и обратно на родителите кон наставниците. Во ваков контекст на односи, наставникот нема привилегирана позиција во однос на родителите (тие се рамноправни партнери); во процесот на соработка родителите се активни учесници (соработката се остварува преку дискусија, размена на мислења, договарања, комуникацијата е двонасочна); непосредниот однос помеѓу наставникот и родителите ги карактеризира спонтаност, срдечност и топлина.

# II дел

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Предмет на истражувањето

Предмет од интерес за ова истражување е улогата на родителите во образовните постигнувања кај учениците од основното образование, поточно учениците од одделенската настава во поглед на активното учество во исполнување на училишните задолженија, обврски и задачи, како и активната соработка која ја негуваат со наставниот кадар.

# 2. Цел и карактер на истражувањето

**2.1. Основна цел на истражувањето** е да се испита и анализира улогата на родителите за образовните постигнувања на учениците од основното образование согледана низ призмата на соработка со наставниците за унапредување на успехот кај учениците, но и самостојна работа на училишните задолженија и воннаставни активности на учениците.

## 2.2. Карактер на истражувањето

Според својот карактер, ова истражување поседува карактеристики на применето, бидејќи е насочено кон решавање педагошки проблем од практична природа кое има за цел да ги збогати постојната теорија и практика, во поширока смисла преку збогатување со нови научни сознанија.

Тоа е и дескриптивно истражување, во кое нема експериментирање, се користи дескриптивниот метод, станува збор за емпириско истражување во кое појавите се проучуваат во реален контекст и се испитуваат ставовите на релевантните целни групи. Предметот на ова истражување не е ограничен само кон една научна дисциплина, туку опфаќа повеќе аспекти на согледување на проблемот и токму поради тоа е интердисциплинарно.

Ова истражување е индивидуално бидејќи е определено да се спроведува од страна на еден субјект – истражувач.

## 3. Задачи на истражувањето

Вака дефинираниот предмет и целта на истражувањето упатуваат на реализација на повеќе задачи, и тоа:

1. Да се испитаат односот на учениците кон учењето и значењето на образовните постигнувања;
2. Да се испитаат ставовите на родителите во врска со образовните постигнувања на учениците;
3. Да се истражат начините и средствата кои се користени од страна на родителите за стимулирање на образовниот успех на учениците;
4. Да се испита потребата на родителите од дополнителна помош за образовна работа со нивните деца;
5. Да се испита колкава е соработката помеѓу наставниците и родителите во постигнувањето успех кај учениците;
6. Да се испитаат ставовите на наставниците во врска со улогата на родителите во образовните постигнувања на учениците.
7. Да се испита инволвираноста на родителите во воннаставните активности на учениците.

## 4. Хипотези на истражувањето

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето, се поставуваат следниве хипотези:

**Општа хипотеза:**

Инволвираноста на родителите на учениците од одделенската настава во однос на нивните училишни обврски, задолженија и задачи, како и соработката со наставниот кадар имаат позитивно влијание на нивните образовни постигнувања.

**Посебни хипотези:**

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето се поставуваат следните хипотези:

1. Учениците имаат позитивен однос кон учењето и покажуваат интерес и одговорност за нивните образовни постигнувања;
2. Учениците се соочуваат со тешкотии при самостојното совладување на наставниот материјал;
3. Родителите не покажуваат интерес за образовна работа со своите деца;
4. Родителите имаат потреба од дополнителна помош и поддршка за своите деца од страна на други институции, организации и индивидуи;
5. Родителите не посветуваат доволно време за работа на училишните задачи со своите деца;
6. Нема голема соработка помеѓу родителите и наставниците во врска со подобрување на образовните постигнувања на учениците;
7. Родителите не учествуваат во воннаставните активности на своите деца.

## 5. Варијабли на истражувањето

**Независна варијабла:**

- Родителската улога – која се согледува во нивните ставови и однос кон образовните постигнувања, инволвираноста во училишниот живот и воннаставните активности, соработка со наставниот кадар, итн.

**Зависна варијабла:**

- Образовните постигнувања на учениците од одделенската настава.

# 6. Методи, техники и инструменти за прибирање на податоците

Обработката на истражувањето ќе се врши со комбинирани квантитативни и квалитативни методи, кои ќе овозможат да добиеме објективна слика за проблемот на истражување. Врз основа на целите на истражувањето и утврдените хипотези, креирани се два прашалници од кои еден е наменет за родителите, а еден за наставниците. Со учениците ќе се применува неструктурирано интервју, односно ќе им даде поголема слобода при одговарање на прашањата.

# 7. Популација и примерок

Во истражувањето се опфатени неколку примероци на испитаници: родители на ученици од одделенска настава, наставници од одделенска настава и ученици од одделенска настава. Примерокот на истражување е репрезентативен. Во ова истражување се применува стратификуван примерок во 12 училиштана територија на Град Скопје, меѓу кои опфатени се 4 училишта во општина Аеродром, 2 училишта во општина Кисела Вода, општина Центар и општина Карпош и општина Гази Баба.

## 7.1. Примерок на општини

Во ова истражување се применува стратификуван примерок во 12 училишта на територија на Град Скопје, меѓу кои опфатени се:

1. општина Аеродром;

2. општина Кисела Вода;

3. општина Центар;

4. општина Карпош;

5. општина Гази Баба.

### 7.2. Примерок на основни училишта

Истражувањето беше реализирано во вкупно 12 основни училишта во 6 (шест) општини: Аеродром, Кисела Вода, Центар, Карпош, Ченто и Булачани. Опфатени се 4 основни училишта од општина Аеродром, по 2 основни училишта од општина Кисела Вода, Центар, Карпош и Гази Баба.

Табела бр. 1 Примерок на основни училишта опфатени во истражувањето

| Реден број | Назив на основно училиште | Општина |
|---|---|---|
| 1. | ООУ „ЛазоАнгеловски“ | Аеродром |
| 2. | ООУ „Браќа Миладиновци“ | Аеродром |
| 3. | ООУ „Александар Македонски“ | Аеродром |
| 4. | ООУ „Димитар Македонски“ | Аеродром |
| 5. | ООУ „Невена Георгиева Дуња“ | Кисела Вода |
| 6. | ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ | Кисела Вода |
| 7. | ООУ „11 Октомври“ | Центар |
| 8. | ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ | Центар |
| 9. | ООУ „Петар Поп Арсов“ | Карпош |
| 10. | ООУ „Лазо Трповски“ | Карпош |
| 11. | ООУ „Дане Крапчев“ | Гази Баба |
| 12. | ООУ „Наум Охридски“ | Гази Баба |

### 7.3. Примерок на наставници од одделенска настава

Во истражувањето беа анкетирани 91 одделенски наставници, односно 32 наставници од основните училишта во општина Аеродром, по 12 наставници од

основните училишта во општина Карпош и општина Гази Баба, 16 наставници од основните училишта во општина Центар и 17 наставници од основните училишта од општина Кисела Вода.

### 7.4. Примерок на родители

Во истражувањето беа анкетирани 334 родители, односно 236 родители од основните училишта во општина Аеродром, 22 родители од основните училишта во општина Кисела Вода, 69 родители од основните училишта во општина Центар и 37 родители од основните училишта во општина Гази Баба.

### 7.5. Примерок на ученици

Во истражувањето беа анкетирани 227 ученици од 12 основни училишта на територија на Град Скопје, односно 86 ученици од основните училишта во општина Аеродром, 31 ученици од основните училишта во општина Кисела Вода, 42 ученици од основните училишта во општина Центар, 36 ученици од основните училишта во општина Гази Баба и 32 ученици од основните училишта во општина Карпош.

## 8. Статистичка обработка на податоците

За обработка на податоците ќе биде применета дескриптивна статистика, каде што ќе бидат сумирани податоците, графички прикажани и опишани квантитативните податоци добиени од примерокот на истражувањето.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето ќе се одвива според планирана временска рамка. Во периодот од октомври 2023 година ќе се спроведат анкетните прашалници со родителите и со наставниците на основните училишта во Република Северна

Македонија. За учениците ќе се спроведе неструктурирано интервју. Пред спроведувањето на истражувањето во избраните училишта, ќе се разговара со директорот, наставниците и стручната служба на училиштето, за да им се објаснат мотивот и целта на истражувањето и ќе им се достават претходно подготвените анкетни прашалници.

## 10. Очекувани резултати и заклучоци

Вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес на децата е проучувана во голем број истражувања. Важноста на родителите како битен сегмент во постигнувањето успех кај децата претставува еден од најважните, ако не и најважен сегмент во целокупниот образовен процес. Децата на оние родители кои постојано ја следат нивната работа и се во тек со случувањата на училиште неминовно покажуваат поголем успех во извршување на дадените задачи.

Училиштето е средина во која детето го поминува поголемиот дел од денот, односно се образова и учи, а сето ова е можно само доколку се постави квалитетна соработка помеѓу факторите кои влијаат на постигнувањето успех кај детето, а тоа се наставникот, самиот ученик и родителот кој ќе биде постојано инволвиран во неговото учење.

Еден од најбитните фактори кои треба да ги разбереме е важноста на постојаната комуникација помеѓу родителите и наставникот. Доколку родителите и наставниците се во постојана комуникација, тоа овозможува мотивираност кај учениците, а со самото тоа доаѓа и успехот за самите ученици. Учениците ќе имаат поголем потенцијал да постигнат успех како во училиштето и извршувањето на училишните обврски така и надвор од него.

Истакнувањето на оваа проблематика ги акцентира неопходноста и нужната посветеност на родителите кон децата и обезбедувањето соодветна поддршка и помош која му е потребна.

# III дел

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Резултати од спроведените анкетни прашалници за родители и наставници и интервјуто со ученици

Во овој дел од трудот се извршени анализа и интерпретација на податоците од спроведеното истражување со помош на истражувачките техники коишто се применети, а тоа се анкетирање и интервјуирање. Анкетите кои се наменети за родителите и наставниците се однесуваат на искажување на нивните ставови и мислења во однос на нивната улога како родители во образовните постигнувања на учениците во основното образование.

Во продолжение на овој труд се претставени анализата и обработката на податоците добиени од спроведување на анонимните анкети за родители и наставници, односно прикажани се резултатите од истражувањето и извршена е обработка на добиените податоци. Податоците се прикажани за секое прашање одделно, претставени табеларно и графички. По секое прашање и неговата обработка следува краток опис и дискусија за добиените податоци и изнесување свое гледиште за одделни прашања врз основа на приложените податоци.

# 1. Анализа и интерпретација на добиените резултати од анкетниот прашалник наменет за наставниците

Во првиот дел се анализирани податоците од анкетните прашалници кои се наменети за наставниот кадар од трето до петто одделение. Тие беа реализирани преку Google forms. Даден е графички приказ на добиените податоци и нивната интетпретација, при што се увидува дали поставените хипотези во истражувањето се потврдуваат или се отфрлаат.

Анкетниот прашалник наменет за наставниот кадар е од затворен тип, содржи вкупно 15 прашања, при што испитаниците одбираат еден од петте понудени одговори. Преку нивната анализа се добиваат податоци за нивните ставови за улогата на родителите во образовните постигнувања на учениците во основното образование.

Анкетирани се вкупно 91 испитаници од редот на наставниот кадар, вработени во основните училишта каде што е спроведено истражувањето. Врз основа на добиените одговори од спроведената анкета се добиваат податоци за тоа колкава е улогата на родителите во образовните постигнувања на учениците во основното образование, колкав е степенот на соработка помеѓу наставниците и родителите, колкава е соработката на наставниците со учениците, колкав обем на материјал и домашни задачи им се даваат на учениците, дали домашните задачи се соодветно тежинско ниво усогласено со возраста и способностите на учениците, вклученоста на родителите во воннаставните активности во училиштето итн.

- **Пол**

Графикон бр. 1 Примерок на испитаници според пол




- **Женски (95,5 %)**
  - Поголемиот дел од примерокот на испитаниците се жени. Со точен број од 85 испитаници, ова претставува 95,5 % од вкупниот примерок. Ова покажува дека големото мнозинство од испитаниците се жени.

- **Машки (4,5 %)**
  - Само 4,5 % од испитаниците се мажи, што е значително помал процент во споредба со женскиот пол. Ова претставува 4 испитаници од вкупниот примерок.

**Вкупно**

Графиконот јасно покажува дека примерокот е многу доминантен со женски испитаници, додека машките испитаници се многу мал број. Оваа значителна

разлика може да укаже на специфични тенденции во примерокот или истражувањето што се спроведува.

- **<u>Наставник сум во.. (наведете го одделението во кое предавате пр. прво, второ, трето)</u>**

Графикон бр. 2 Примерок на испитаници коишто ја реализираат наставата по одделенија




- **Трето одделение (46 %)**

Најголемиот дел од испитаниците (46 %) спаѓаат во трето одделение. Ова укажува на тоа дека голем процент од примерокот е составен од наставници кои предаваат во трето одделение.

- **Четврто одделение (31 %)**

Следниот најголем процент (31 %) се однесува на четврто одделение. Овој процент е помал од трето одделение, сепак значителен, што покажува дека добар дел од испитаниците предаваат во четврто одделение.

- **Петто одделение (23 %)**

Најмал процент од испитаниците (23 %) спаѓаат во петто одделение. Ова значи дека најмалиот дел од примерокот е од петто одделение во споредба со другите одделенија.

- **Основно училиште во кое работам по општини**

Графикон бр. 3 Примерок на испитаници од основни училишта по општини




⇨ **Аеродром (35,16 %)**

- Најголемиот дел од примерокот на испитаници потекнува од општина Аеродром. Со 35,16 %, ова претставува највисокиот процент од сите

општини, што значи дека значителен дел од испитаниците се од основни училишта во оваа општина.

⇨ **Кисела Вода (18,68 %)**

- Следниот најголем процент е од општина Кисела Вода, со 18,68 %. Ова укажува на тоа дека значителен дел од примерокот потекнува од училиштата во оваа општина, иако не е толку доминантен како Аеродром.

⇨ **Центар (17,58 %)**

- Општина Центар има 17,58 % од испитаниците. Овој процент е блиску до Кисела Вода, и покажува дека добар дел од примерокот е од училиштата во оваа општина.

⇨ **Карпош (13,19 %)**

- Општина Карпош и Гази Баба имаат по 13,19 % од примерокот. Ова покажува дека од двете општини има ист процент на испитаници, што е помал процент во споредба со претходните општини.

⇨ **Гази Баба (13,19%)**

- Како што беше споменато, и Гази Баба има 13,19 % од примерокот. Ова укажува на тоа дека бројот на испитаници од оваа општина е идентичен со оној од Карпош.

▪ **Основни училишта и број на испитаници**

Графикон бр. 4 Број на испитаници по училишта



- **ООУ „Лазо Ангеловски“ (25,56 % или 22 испитаници)**

Најголемиот дел од испитаниците (25,56 % или 22) потекнуваат од ООУ „Лазо Ангеловски“. Ова е највисокиот процент и број на испитаници меѓу сите училишта, што укажува на тоа дека ова училиште има најголемо учество во примерокот.

- **ООУ „Лазо Трповски“ (12,78 % или 11 испитаници)**

Втор најголем процент (12,78 % или 11) е од ООУ „Лазо Трповски“. Ова укажува на значителен дел од испитаниците кои се од ова училиште, но помал во споредба со „Лазо Ангеловски“.

- **ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ (11,62 % или 10 испитаници)**

ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ има 11,62 % или 10 испитаници, што го позиционира ова училиште како трето највисоко според бројот на испитаници во примерокот.

- **ООУ „Невена Георгиева Дуња“ (8,13 % или 7 испитаници)**

Заедно со ООУ „11 Октомври“ и ООУ „Дане Крапчев“, ООУ „Невена Георгиева Дуња“ има 8,13 % или 7 испитаници. Овие три училишта имаат сличен процент и број на испитаници.

- **ООУ „11 Октомври“ (8,13 % или 7 испитаници)**

Како што беше споменато, ова училиште има ист процент и број на испитаници како ООУ „Невена Георгиева Дуња“ и ООУ „Дане Крапчев“.

- **ООУ „Дане Крапчев“ (8,13 % или 7 испитаници)**

Исто така, ООУ „Дане Крапчев“ има 8,13 % или 7 испитаници, што го става во исто ниво со претходно споменатите училишта.

- **ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ (6,97 % или 6 испитаници)**

Со 6,97 % или 6 испитаници, ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ има помал број испитаници, но е уште едно значајно училиште во примерокот.

- **ООУ „Димитар Македонски“ (5,81% или 5 испитаници)**

ООУ „Димитар Македонски“ има 5,81 % или 5 испитаници, што го поставува на пониско ниво во споредба со погоре споменатите училишта.

- **ООУ „Браќа Миладиновци“ (4,64 % или 4 испитаници)**

Со 4,64 % или 4 испитаници, ООУ „Браќа Миладиновци“ има помал процент во примерокот.

- **ООУ „Петар Поп Арсов“ (3,48 % или 3 испитаници)**

ООУ „Петар Поп Арсов“ има 3,48 % или 3 испитаници, што го става меѓу училиштата со помал број испитаници.

- **ООУ „Александар Македонски“ (2,32 % или 2 испитаници)**

Со 2,32 % или 2 испитаници, ООУ „Александар Македонски“ има најмал број испитаници.

- **ООУ „Наум Охридски“ (2,32% или 2 испитаници)**

Исто така, ООУ „Наум Охридски“ има 2,32 % или 2 испитаници, на исто ниво како и ООУ „Александар Македонски“.

- **Заклучок**

Графиконот покажува дека најголем број испитаници потекнуваат од ООУ „Лазо Ангеловски“, со значителен процент и број. Другите училишта се

распределени на различни нивоа, со помал број испитаници. Овој распоред може да укаже на тоа кои училишта имаат поголемо учество или влијание во примерокот.

- **Возраст**

Графикон бр. 5 Возраст на испитаниците




- **20-30 години - 6**
- **31-40 години - 17**
- **41-50 години - 39**
- **51+ години - 27**

✓ **31-40 години (17 испитаници)**

Најголемиот број од испитаниците (17) спаѓаат во групата на возраст од 31 до 40 години. Ова укажува на тоа дека значителен дел од примерокот се наоѓа во оваа возрасна група, што можеби укажува на зрелост и искуство во соодветната област.

- ✓ **41-50 години (39 испитаници)**

Следната најголема група (39 испитаници) е од 41 до 50 години. Ова е најголемиот процент и број на испитаници во примерокот, што укажува на тоа дека најголемиот дел од примерокот припаѓа на оваа возрасна група. Овој резултат можеби укажува на постојаност и значително искуство на испитаниците.

- ✓ **51+ години (27 испитаници)**

Групата со возраст од 51 година и повеќе има 27 испитаници. Овој број е помал од претходната група, но е значителен, што покажува дека и постарите испитаници се застапени во примерокот. Ова може да сугерира на искуство и долгогодишно учество во областа.

- ✓ **20-30 години (6 испитаници)**

Најмалиот број испитаници (6) е од возрасната група од 20 до 30 години. Ова укажува на тоа дека помладите испитаници се најмалку застапени во примерокот, што може да укаже на помал интерес или учество од помладата популација.

- ✓ **Заклучок**

Графиконот покажува дека најголем дел од испитаниците припаѓаат на возрасната група од 41 до 50 години, што е значително повеќе во споредба со другите групи. Следната најбројна група е 51+ години, по што следува групата од 31 до 40 години. Најмал број испитаници е од најмладата група од 20 до 30 години. Овој распоред на возраст може да укаже на преовладувачките трендови или претпочитања на испитаниците во одредени возрасни групи.

- **Работно искуство:**

Графикон бр. 6 Примерок на испитаници според работно искуство




- **0-10 години (33,3 % или 30 испитаници)**

Најголемиот дел од испитаниците (33,3 % или 30) имаат работно искуство од 0 до 10 години. Ова значи дека голем процент од примерокот е составен од лица со релативно кратко работно искуство. Овој резултат може да укаже на присуство на помлад работен кадар или нови вработени во полето на истражување.

- **11-20 години (28,86 % или 26 испитаници)**

Следната најголема група е од испитаници со работно искуство од 11 до 20 години, со 28,86 % или 26 испитаници. Оваа група има значителен број испитаници и укажува на среден кариерен период со солидно искуство.

- **21-30 години (26,64 % или 24 испитаници)**

Групата со работно искуство од 21 до 30 години има 26,64 % или 24 испитаници. Ова покажува дека добар дел од примерокот има долго работно

искуство, што може да укаже на високо ниво на стручност и долгогодишно учество во индустријата.

- **31+ години (11,1% или 10 испитаници)**

Најмалиот процент од испитаниците (11,1% или 10) имаат работно искуство од 31 година или повеќе. Овој број е значително помал од претходните групи и укажува на тоа дека само мал број испитаници имаат многу долго искуство во полето.

- **Заклучок:**

Графиконот покажува дека најголемиот дел од испитаниците имаат работно искуство од 0 до 10 години, следен од оние со 11 до 20 години искуство. Групата со 21 до 30 години искуство е слична, но со помал број испитаници. Најмал процент е на оние со над 31 година искуство. Овој распоред на работно искуство укажува на преовладување на помлад и среден кариерен период во примерокот, со помал удел на многу искусни професионалци.

**1.Имам отворена комуникација со учениците.**

Графикон бр. 7 Ставови на наставниците за отворена комуникација со ученциите




| | Воопшто не се согласувам | Главно не се согласувам | Немам мислење | Главно се согласувам | Во потполност се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Series 1 | 1.1 | 0 | 0 | 22.5 | 76.4 |

1. **Голема согласност (76,4 % или 68 наставници)**
   - Најголемиот дел од наставниците (76,4 % или 68) се согласуваат со тврдењето „Имам отворена и јасна комуникација со учениците“. Ова укажува на тоа дека значителен процент од наставниците веруваат дека имаат добра и ефективна комуникација со своите ученици. Овој резултат е позитивен и сугерира дека наставниците во голема мера го ценат или оценуваат нивниот комуникациски процес како отворен и јасен.
2. **Главно согласување (22,5 % или 20 наставници)**
   - Двојно помал е бројот на наставници (22,5 % или 20) кои главно се согласуваат со тврдењето. Ова укажува дека, иако овој процент е помал во споредба со оние што се целосно согласни, има и наставници кои ги ценат напорите за отворена и јасна комуникација, но можеби не ја доживуваат истата како целосно ефективна или имаат некои резерви.
3. **Воопшто не се согласувам (1,1 % или 1 наставник)**
   - Многу мал број од наставниците (1,1 % или 1) се изјасниле дека воопшто не се согласуваат со тврдењето. Овој резултат покажува дека само еден наставник не верува дека има отворена и јасна комуникација со учениците, што е значително помал процент во споредба со другите категории.
4. **Без став**
   - Другите испитаници не изразиле никаков став по ова прашање, што значи дека или не се почувствувале доволно информирани да дадат одговор, или сметаат дека прашањето не се однесува на нив.

**Заклучок:**

Најголемиот процент од наставниците имаат позитивен став и потврдуваат дека имаат отворена и јасна комуникација со учениците. Овој резултат сугерира дека комуникацијата е важен аспект од нивната наставна практика. Потоа, следуваат анализи на наредните прашања од оваа област за да се добие подетален увид во ставовите на наставниците.

**2. Негувам отворена и јасна комуникација со родителите.**

Графикон бр. 8 Ставови на наставниците за остварување отворена и јасна комуникација со родителите




Во врска со второто прашање кое гласи **„Негувам отворена и јасна комуникација со родителите“**, анализираните одговори упатуваат на заклучокот дека 64 % или 57 од наставниците се изјасниле со тврдењето **во потполност се согласувам,** што значи дека поголемиот процент од наставниците негуваат отворена и јасна комуникација со родителите. Речиси двојно помал е процентот на испитаници, односно 34,8 % или 31 од наставниците кои **главно се согласуваат.** Мал е бројот на испитаници 4,3 % кои одговориле дека **воопшто не се согласуваат** со даденото тврдење, потоа 3,5 % од испитаниците се изјасниле дека **немаат мислење** по однос на даденото тврдење, 1,1 % или 1 од испитаниците се имаат изјаснето со **главно не се согласувам** со даденото тврдење.

Според мене, наставникот е оној кој секогаш треба да го креира целосно коректниот однос во остварување на комуникацијата со родителите, најпрво за да го одржи континуитетот пред сè на квалитетот на наставата, непреченото одвивање на наставниот процес, а потоа и постојаното информирање на

родителите околу сите аспекти кои ги опфаќа воспитно-образовниот процес на нивните деца, можеме да заклучиме од анализата на ова прашање дека укажува на фактот дека поголемиот број од испитаниците од редот на наставниците имаат отворена и јасна комуникација со родителите, додека речиси помал дел од нив главно се согласуваат со тврдењето. Има и такви наставници кои воопшто не се согласуваат или пак немаат мислење по ова прашање.

### 3. Постојано ја поттикнувам мотивацијата за учење кај учениците.

Графикон бр. 9 Ставови на наставниците за поттикнување на мотивацијата кај учениците




Според добиените податоци од ова прашање, претставени на Графикон број 9, може да се заклучи дека 87,6 % или 78 од наставниците го делат истиот став, односно истакнале дека **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење **„Постојано ја поттикнувам мотивацијата за учење кај учениците“**, додека 12,4 % или 11 од наставниците **главно се согласуваат** со ова тврдење. За другите ставови: **немам мислење**, **главно не се согласувам** и

**воопшто не се согласувам** не е даден ниеден одговор , односно испитаниците не изразиле никаков став по даденото тврдење.

Според ова, може да се заклучи дека ставовите на наставниците се совпаѓаат, односно според нивните одговори , нема негативно мислење во однос на ова тврдење, а со тоа може да се увиди дека сите наставници се трудат постојано да ја поттикнат мотивацијата за учење кај учениците.

**4. Имам континуирана соработка со родителите поврзана со успехот на учениците.**

Графикон бр. 10 Ставови на наставниците во врска со одржување континуирана соработка со родителите поврзана со успехот на учениците




Во прашањето број 8 се испитува како наставниците се изјасниле во врска со тоа дали имаат континуирана соработка со родителите којашто е поврзана со успехот на учениците. Од анализираните одговори претставени на Графикон бр. 10, воочлив е високиот процент на **позитивни одговори** на 64 % или 57 од наставниците во однос на тврдењето дека имаат континуирана соработка со родителите поврзана со успехот на учениците се изјаснија дека **во потполност**

**се согласуваат**, 34,8 % или 31 од наставниците **главно се согласуваат со ова тврдење,** потоа 8 % од наставниците немаат мислење по ова тврдење, додека пак 1,1 % или 1 од наставниците **воопшто не се согласуваат** со ова тврдење. Во врска со тврдењето **главно не се согласувам,** не се изјасни ниту еден испитаник.

Сумативните заклучоци од ова прашање одат во прилог на констатацијата дека наставникот треба да одржува постојана и континуирана соработка со родителите во врска со учениците, односно навремено да ги известува во врска со нивните постигнувања и нивниот успех на училиште.

**5. Сметам дека учениците се соочуваат со преобемен материјал за учење.**

Графикон бр. 11 Ставови на наставниците во врска со обемноста на материјалот за учење на учениците



На прашањето број 5 од анкетата за наставници **„Сметам дека учениците се соочуваат со преобемен материјал за учење**“, може да се забележи дека најголем број од наставниците 40,4 % или 36 се изјасниле дека **главно се согласуваат** со даденото тврдење, односно дека учениците имаат преобемен материјал за учење. Веднаш зад нив, односно 34,8 % или 31 од наставниците **во потполност се согласуваат** со тврдењето. Потоа 13,5 % или 12 **главно не се согласуваат** со тврдењето, Има и такви, односно 7,9 % или 7 од наставниците **немаат мислење**, 13,5 %, додека 3,4 % или 3 од испитаниците **воопшто не се согласуваат** со гореневеденото тврдење или сметаат дека материјалот за учење на учениците не е обемен.

Од сумираните одговори на наставниците на ова прашање можам да заклучам дека поголемиот број од нив го заземаат прилично истиот или сличен став, а тоа е дека учениците се преоптоварени со обемен материјал за учење, но има и мал процент на наставници кои или немаат соодветно мислење или сметаат дека материјалот е соодветен за возраста на учениците и обемноста на материјалот не преставува воопшто проблем.

**6. Континуирано водам евиденција за постигнувањата на моите ученици (белешки, чек листи итн.)**

Графикон бр. 12 Ставови на наставниците за континуираното водење евиденција за постигнувањата на учениците



Преку наредното зададено прашање во анкетата „Континуирано водам евиденција за постигнувањата на моите ученици (белешки, чек листи итн.)“, се има за цел да се испитаат ставовите на наставниците кои се однесуваат на важноста на водењето постојана евиденција во врска со образовните постигнувања на учениците. Најголем процент 64 % или 57 од наставниците се изјасниле **во потполност се согласувам** за тоа дека еден од најважните елементи во наставата е континуираната евиденција за постигнувањето и успехот на учениците. Додека, пак, 34,8 % или 31 од наставниците **главно се согласуваат** со ова тврдење, 8,2 % од наставниците **главно не се согласуваат** со ова тврдење, а мал број, односно 1,1 % од наставниците **немаат мислење**.

Крајниот заклучок од искажаните ставови на наставниците е дека секој наставник треба да води континуирано евиденција за постигнувањата на своите ученици. Тоа е особено важно, бидејќи така наставникот ќе има уредна евиденција и документација водена навремено за секој еден ученик, ќе знае точно до каде е стигнат секој ученик со постигнувањата, дали на некој од нив му е потребна дополнителна помош или поддршка во учењето, ќе има точен увид на месец, ден и датум кога некој од учениците бил испрашан, доколку станува збор за примена и проверка на знаењето кога е истата спроведена итн., а најважно од сѐ ќе биде секогаш подготвен да даде конкретен одговор доколку некој од родителите дојде или праша во врска со постигнувањата и успехот на своето дете, да му одговори спремно, целосно и детално.

**7. Ја поттикнувам свеста кај родителите за образовна работа со своите деца.**

Графикон бр. 12 Ставови на наставниците за потттикнување на свеста кај родителите за образовна работа со своите деца




Добиените податоци од одговорите на прашањето број 7 кои се претставени на Графикон бр. 13 се однесуваат на испитување на ставовите и мислењата на наставниците за тоа колку ја поттикнуваат свеста кај родителите за образовна работа со своите деца. Околу 66,3 % или 59 од наставниците се изјасниле дека **во потполност се согласуваат,** односно дека ја поттикнуваат свеста кај родителите за работа со своите деца. Од нив, 30,3 % или 27 се изјасниле дека **главно се согласуваат** со ова тврдење, 2,2 % или 2 се изјасниле дека главно не се согласуваат, 1,1 % или еден испитаник се изјаснил со немам мислење. Додека, пак, 2,2 % **главно се согласуваат** и 1,1 % **нема мислење** во врска со даденото тврдење.

Од анализираните одговори на наставниците може да се заклучи дека поголемиот дел од наставниците се согласуваат во врска со тоа дека треба постојано да ја поттикнуваат свеста кај родителите за образовна работа со своите деца, односно колку е важно родителите да одвојуваат време и кај нив да биде разбудена свеста за да им помогнат на своите деца во врска со нивниот образовен процес.

## 8. Родителите се секогаш отворени за соработка со наставникот.

Графикон бр. 13 Ставови на наставниците за тоа колку родителите се отворени за соработка со наставникот




На прашањето број 8 од анкетата за наставници „Родителите се секогаш отворени за соработка со наставникот“, наставниците се изјаснија на следниов начин, односно:

- 53 % или 47 од наставниците дека **главно се согласуваат** со тврдењето дека родителите се отворени за соработка со наставникот.

- 25 % или 22 од наставниците се изјасниле дека **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење.

- 12 % или 11 од наставниците за ова тврдење **немаат мислење.**

- 9 % или 8 од наставниците го застапуваат тврдењето, односно **главно не се согласуваат и**

- 1 % или 1 од нив **воопшто не се согласуваат** со даденото тврдење.

Според сумираните податоци може да се заклучи дека наставниците во најголем дел го потврдуваат тврдењето дека родителите се секогаш отворени за соработка со наставникот, но има и мал процент на такви кои не го потврдуваат ставот, односно не се согласуваат или воопшто не се согласуваат со тоа дека

родителите се секогаш подготвени за соработка со наставникот. Од ова можеме да заклучиме дека разновидните искуства во работата и нивните разновидни ставови по ова тврдење може да дојдат до израз, односно дека не секогаш еден наставник може да оствари соодветна соработка со родителот од најразлични причини.

**9. Редовно ги вклучувам родителите да земат учество во воннаставните активности во училиштето.**

Графикон бр. 14 Ставови на наставниците за тоа колку редовно ги вклучуваат родителите во воннаставните активности во училиштето




| | Воопшто не се согласувам | Главно не се согласувам | Немам мислење | Главно се согласувам | Во потполност се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Series 1 | 0% | 4.50% | 9.10% | 48% | 38.60% |

Преку наредното зададено прашање во анкетата за наставници „Редовно ги вклучувам родителите во воннаставните активности во училиштето“, се има за цел да ги испитаат ставовите на наставниците во врска со важноста на постојаното вклучување на наставниците во воннаставните активности во училиштето. Најголем дел од наставниците или 47,7 % или 42 или речиси 48 % се изјасниле со **главно се согласувам,** со помала процентуална застапеност, односно 38,6 % 34 од нив од наставниците се изјасниле дека **во потполност се согласуваат** за тоа

дека родителите постојано ги вклучуваат во воннаставните активности во училиштето, 9,1 % или 8 од наставниците се изјасниле дека **немаат мислење** во врска со ова тврдење, 4,5 % или 4 од нив се изјасниле дека **главно не се согласуваат,** додека во врска со ставот **воопшто не се согласувам** не се изјаснил ниту еден испитаник.

Од ставовите на наставниците можеме да заклучиме дека поголемиот број е со истиот или сличниот став дека многу е важно редовното вклучување на наставниците во воннаставните активности во училиштето. Тоа е важно првенствено заради самите ученици, а потоа и за да се зацврсти и задржи тој круг на соработка на наставник – ученик – родител.

**10. Родителите редовно присуствуваат на родителските средби.**

Графикон бр. 15 Ставови на наставниците за редовното присуство на родителите на родителските средби



Според добиените податоци на прашањето „Родителите редовно присуствуваат на родителските средби“, висок е процентот на потврден одговор, односно 60,7 % или 54 се изјасниле со **главно се согласувам,** потоа 28,1 % или 25 се изјасниле дека **во потполност се согласуваат,** додека 5,6 % или 5 од испитаниците се изјасниле дека **немаат мислење,** 4,5 % или 4 се изјасниле со **главно не се согласувам** и 1,1 % или 1 се изјасниле со **воопшто не се согласувам**.

Од анализираните податоци, јасно можеме да заклучиме дека поголемиот број од наставниците се изјасниле дека родителите редовно присуствуваат на родителските средби, односно го потврдиле ставот дека е важно присуството на родителите на родителските средби во училиштето, првично за да се докаже заинтересираноста на родителите да бидат во тек со наставниот материјал, со успехот и поведението на нивните деца, како и тековните работи кои се одвиваат во училиштето.

**11. Родителите се заинтересирани за постигнатиот успех на нивното дете.**

Графикон бр. 16 Ставови на наставниците за тоа колку родителите се заинтересирани за постигнатиот успех на нивното дете.



Преку наредното зададено прашање „Родителите се заинтересирани за постигнатиот успех на нивното дете“, ставовите на наставниците се однесуваат на заинтересираноста на родителите за образовниот успех кој го постигнуваат нивните деца на училиште. При одговарањето на прашањето број 11, испитаниците ги изјаснија своите ставови на следниов начин:

-58,4 % или 52 од наставниците се изјасниле со **главно се согласувам**, што значи дека родителите се интересираат за успехот на нивните деца.

- 31,5 % или 28 од наставниците се изјасниле дека **потполно се согласуваат**, што значи дека родителите редовно прашуваат и се интересираат за успехот на своите деца

- Со мала процентуална застапеност следуваат 5,6 % или 5 од наставниците кои се изјасниле дека **немаат мислење**.

- 4,5 % или 4 од наставниците се изјасниле дека **главно не се согласуваат** со даденото тврдење

- За ставот **воопшто не се согласувам** не се изјаснил ниту еден од испитаниците.

Од сумираните одговори на наставниците на ова прашање можеме да заклучиме од колку голема важност е значењето родителите да бидат заинтересирани и да го прашуваат наставникот за постигнатиот успех на своите деца во училиште. Наставниците во поголем број се согласуваат дека родителите често се интересираат за постигнатиот успех на децата во училиштето, но има и такви, иако со мала процентуална застапеност, кои се изјаснуваат дека не се согласуваат со даденото тврдење, односно дека кај некој од родителите не постоела посебна заинтересираност за постигнувањата на нивните деца на училиште.

**12. Навремено ги известувам родителите за сите промени кои настануваат во успехот на нивните деца.**

Графикон бр. 17 Ставови на наставниците за тоа дали навремено ги известуваат родителите за сите промени во успехот на нивните деца




Добиените податоци од одговорите на прашањето број 12, кои се претставени на Графиконот број 18, се однесуваат на ставовите и мислењата на наставниците во врска со навременото известување на родителите за сите промени кои настануваат во врска со успехот на нивните деца. Во однос на ова, 78 % од наставниците, односно поголемиот број од нив **во потполност се согласуваат,** 22 % од наставниците главно се согласуваат и 7 % од наставниците воопшто не се согласуваат со ова тврдење.

Од сумираните одговори на наставниците можеме да заклучиме дека најголемиот број од наставниците во потполност се согласуваат, односно го заземаат ставот дека навремено треба да ги известуваат родителите за успехот кој го покажуваат и постигнуваат нивните деца на училиште.

**13. Ги поддржувам неформалните облици на образование кај учениците.**

Графикон бр. 18 Ставови на наставниците за тоа дали ги поддржуваат неформалните облици на образование кај учениците




Добиените податоци од одговорите на прашањето број 13 кое гласи „Ги поддржувам неформалните облици на образование кај учениците“ се однесуваат на мислењата на наставниците за тоа колку тие ги поддржуваат сите неформални облици на образование кај учениците. Од тука можеме да увидиме дека 44,9 % или 40 од наставниците се изјасниле дека **главно се согласуваат**, 40,4 % или 36 од наставниците **во потполност се согласуваат,** додека пак 13,5 % или 12 од наставниците остануваат на ставот дека **немаат мислење** за даденото тврдење. Има и мал процент на такви, односно 1,1 % или 1 од нив кои се изјасниле со ставот дека главно не се согласуваат.

Од анализираните одговори на наставниците, евидентна е важноста која ја искажуваат на наставниците за тоа колку е важно учениците да бидат вклучени во неформалните облици на образование.

**14. Родителите покажуваат желба за учество во проекти кои ги организира училиштето.**

Графикон бр. 19 Ставови на наставниците за тоа дали родителите покажуваат желба за учество во проекти кои ги организира училиштето




Според податоците кои ги добив на одговорите на прашањето број 14, кое е претставено на Графиконот број 20, можеме да ја увидиме разновидноста на одговорите на наставниците во однос на прашањето колку родителите покажуваат желба за учество во проекти кои ги организира училиштето. Од нив 44 % се изјасниле дека **главно се согласуваат**, 22 % од нив се изјасниле дека **во потполност се согласуваат**, дел од нив односно 17 % се изјаснуваат дека **немаат мислење**, друг дел 15 % се изјаснува дека **главно не се согласува**, додека мал процент од наставниците 2 % **воопшто не се согласуваат** со ваквото тврдење.

Според разновидноста на одговорите и изразувањето на ставовите на наставниците, може да се констатира дека родителите не секогаш изразуваат

желба да се вклучат во проекти кои ги организира училиштето. Тука можам да дадам препорака наставниците да бидат поголеми мотиватори и постојано да ги вклучуваат родителите во разновидни активности заедно со учениците во училиштето со цел да се зголеми нивната продуктивна улога, од која ќе имаат бенефит не само наставниците туку и учениците, односно нивните деца, бидејќи кога тие ќе ги видат своите родители како активно се вклучени во активности во училиштето, и самите тие ќе бидат помотивирани, ќе имаат желба да одат во училиште, ќе имаат желба да ја покажат својата активност за време на часовите, самоиницијативно ќе почнат да се пријавуваат за изработка на проект по изучена лекција или тема, дали тоа било самоиницијативно или во група заедно со неколку свои соученици.

**15. Редовно и навремено ги известувам родителите во врска со образовните постигнувања на нивните деца.**

Графикон бр. 20 Ставови на наставниците за тоа дали редовно и навремено ги известуваат родителите во врска со образовните постигнувања на нивните деца




Бидејќи на ова прашање одговорите на наставниците се речиси исти, односно 73 % или 65 од наставниците во потполност се согласуваат со даденото тврдење, а 27 % или 24 главно се согласуваат со даденото тврдење, може да се увиди важноста на навремената информација која треба да ја упатуваат наставниците кон

родителите, односно навременото известување во врска со нивните образовни постигнувања на училиште.

Според одговорите на наставниците на ова прашање, можам да заклучам дека нивните ставови се однесуваат посебно на важноста на информирање на родителите во врска со успехот и постигнувањата на нивните деца, и тоа не само на родителски средби, туку, доколку има потреба и доколку наставникот увидел дека има одредено заостанување или пак напредок кај некој од учениците, да ги повика родителите на индивидуален разговор и да ги информира за ситуацијата што ја увидел, секако по претходно следење на ученикот.

## 2. Анализа и интерпретација на добиените резултати од анкетата наменета за родителите

Со цел да се согледа состојбата од аспект на родителите на учениците и нивната вклученост во образовните постигнувања на учениците на училиште, вклучени беа родители од вкупно 12 училишта каде што се спроведуваше истражувањето на територијата на град Скопје, од кои 10 основни училишта се од градското подрачје и 2 од приградското подрачје. На анкетниот прашалник за родители одговорија, односно се изјаснија вкупно 334 родители чии деца се ученици од трето до петто одделение во истите училишта.

Родителите се вклучени со цел да се види колкаво е нивното учество, нивната вклученост и влијание врз учениците, врз нивните постигнувања, колкава е нивната вклученост во училишните обврски и постигнувања на учениците, нивното учество во вонучилишните активности итн.

- **Пол:**

**Машко - 42 или 13 %**

**Женско - 286 или 87 %**

Графикон бр. 21 Број на испитаници од редот на родителите




1. **Процент на машки испитаници:**
   - **Процент:** 13 %
   - **Број на испитаници:** 42

   Ова значи дека од вкупниот број испитаници, 13 % се машки, што значи дека има 42 машки испитаници.

2. **Процент на женски испитаници:**
   - **Процент:** 87 %
   - **Број на испитаници:** 286

   Ова значи дека од вкупниот број испитаници, 87 % се женски, што значи дека има 286 женски испитаници.

**Вкупниот број испитаници** се добива со собирање на машките и женските испитаници:

- **Вкупно:** 42 (машки) + 286 (женски) = 328 испитаници

Графиконот прикажува распределба на испитаниците според пол. Од вкупниот број од 328 испитаници, 13 % или 42 се машки, додека 87 % или 286 се женски. Оваа распределба покажува дека значителен дел од испитаниците се женски, што може да биде важно да се земе предвид при анализа на резултатите од истражувањето. Исто така има испитаници, односно 6 од нив, кои немаат целосно одговорено на анкетниот прашалник.

- **Вашата возраст:**

Графикон бр. 22 Возраст на испитаниците



**Податоци за возраста на испитаниците**

- **30 до 35 години**: 44 %
- **36 до 40 години**: 41 %
- **41 до 45 години**: 8 %
- **46 до 50 години**: 7 %

**Претставување на податоците:**

1. **Најголем дел од испитаниците** (44 %) се на возраст од 30 до 35 години.
2. **Следната најголема група** (41 %) се на возраст од 36 до 40 години.
3. **Мал дел од испитаниците** (8 %) се на возраст од 41 до 45 години.
4. **Најмалиот дел** (7 %) се на возраст од 46 до 50 години.

➢ **Место (општина):**

Графикон бр. 23 Место или општина на живеење



- **Распределба на испитаници по општини**

1. **Општина Аеродром**: 65 %
2. **Општина Центар**: 14 %
3. **Општина Кисела Вода**: 15 %
4. **Општина Гази Баба**: 6 %
5. **Општина Карпош**: 0 %

**Објаснување на податоците:**

- **Најголем дел од испитаниците** (65 %) потекнуваат од **општина Аеродром**. Оваа општина има највисок процент на испитаници, што укажува на тоа дека најголемиот дел од истражувањето потекнува од оваа општина.
- **Општина Центар** следува со **14 %** од испитаниците. Оваа општина има значителен, но помал процент на учесници во однос на Аеродром.
- **Општина Кисела Вода** учествува со **15 %** од испитаниците. Овој процент е сличен со тој на општина Центар, но малку повисок.
- **Општина Гази Баба** има **6 %** од испитаниците. Оваа општина има помал процент на учесници во истражувањето.

**Општина Карпош** нема ниту еден испитаник, што значи дека **0 %** од испитаниците потекнуваат од оваа општина.

- **Кое одделение посетува вашето дете? (пр. прво, второ, трето...)**

Графикон бр. 24 Одделение кое го посетува вашето дете



**Податоците од одговорите на испитаниците се следниве:**

1. **Трето одделение**: 51 %
2. **Четврто одделение**: 37 %
3. **Петто одделение**: 12 %

**Трето одделение**: Од вкупно 326 испитаници, **166** се изјасниле дека се во трето одделение, што претставува **51 %** од вкупниот број.

**Четврто одделение**: **121** испитаник се изјаснил дека е во четврто одделение, што претставува **37 %** од вкупниот број.

**Петто одделение**: **39** испитаници се изјасниле дека се во петто одделение, што претставува **12 %** од вкупниот број.

- **Основно училиште кое го посетува вашето дете:**

Графикон бр. 25 Основно училиште кое го посетува вашето дете



**Објаснување на податоците**

- **ООУ „Лазо Ангеловски“**: Најголем дел од испитаниците, **210** од вкупно 334, што претставува **63 %**.
- **ООУ „Дане Крапчев“**: **35** испитаници, што претставува **10,4 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“**: **33** испитаници, што претставува **9,88 %** од вкупниот број.
- **ООУ „11 Октомври“**: **36** испитаници, што претставува **10,78 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Наум Охридски“**: **2** испитаници, што претставува **0,60 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Невена Георгиева Дуња“**: **11** испитаници, што претставува **3,29 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Димитар Македонски“**: **126** испитаници, што претставува **38,02 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Кирил Пејчиновиќ“**: **11** испитаници, што претставува **3,29 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Александар Македонски“**: **0** испитаници, што претставува **0,00 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Петар Поп Арсов“**: **0** испитаници, што претставува **0,00 %** од вкупниот број.
- **ООУ „Лазо Трповски“**: **0** испитаници, што претставува **0,00 %** од вкупниот број.

- **ООУ „Браќа Миладиновци“**: **0** испитаници, што претставува **0,00 %** од вкупниот број.

**1. Запознаен/а сум со предметите што ги изучува моето дете на училиште**.

Графикон бр. 26 Ставови на родителите колку се запознаени со предметите што ги изучуваат нивните деца на училиште




Според зададеното тврдење за родителите кое гласи **„запознаен/а сум со предметите што ги изучува моето дете на училиште“**, изненадува податокот дека најголем број од родителите, односно 67 % или 219 од нив во **потполност се согласуваат** со тврдењето, потоа 28 % или 90 од нив се изјаснуваат со **главно се согласувам.** Мал е бројот на испитаници, односно 4 % или 13 се изјаснуваат со **главно не се согласувам,** додека само 1 % или 3 од испитаниците се изјаснуваат со **немам мислење**. За тврдењето **воопшто не се согласувам**, се изјасни 0,3 или 1 испитаник.

Според одговорите на родителите, односно нивните искажани ставови за ова тврдење можеме да заклучиме дека најголемиот број од родителите, односно 219 од дадените одговори, се речиси едногласни и се согласуваат дека се запознаени со предметите кои ги изучува нивното дете на училиште.

**2. Сметам дека сум доволно компетентен да му помогнам на моето дете во совладување на училишниот материјал.**

Графикон бр. 27 Ставови на родителите за нивната компетентност да му помогнат на своето дете во совладување на училишниот материјал




Во однос на ова прашање, испитаниците имаа можност да го искажат ставот во однос на тоа дали се доволно компетентни да им помогнат на своите деца во совладување на училишниот материјал. Со оглед на тоа, 49,5 % или 162 од испитаниците се изјаснија дека **во потполност се согласуваат**, 42,8 % или 140 се изјаснија дека **главно се согласуваат** со тврдењето, исто така сметаат дека не поседуваат доволно компетенции да му помогнат на своето дете , 4 % или 13 од нив се изјаснија со главно не се согласувам мал процент, односно 1,3 % или 5 од испитаниците се изјаснија дека **воопшто не се согласуваат** со даденото тврдење, односно не се сметаат за доволно компетентни, и на крајот со најмала процентуална застапеност 2,1 % или 7 од нив **немаат мислење** на оваа тема.

Според одговорите на родителите, можам да заклучам дека тие заземаат став и се чувствуваат дека се доволно компетентни да му помогнат на своето дете во совладувањето на училишниот материјал.

**3. Посветувам од 1 до 3 часа дневно со своето дете за помош во однос на неговите домашни задачи.**

Графикон бр. 28 Ставови на родителите за тоа дали посветуваат од 1 до 3 часа дневно со своето дете за помош во однос на неговите домашни задачи




По прашањето број 3 од прашалникот за родители **„Посветувам од 1 до 3 часа дневно со своето дете за помош во однос на неговите домашни задачи“**, се анализираа одговорите на родителите во поглед на тоа дали посветуваат време со своите деца да им помогнат во однос на нивните домашни задачи. Според разновидните одговори на родителите, може да се констатира дека 42,4 % или 139 од родителите **главно се согласуваат** со даденото тврдење, 23,5 % го делат истиот став дека **во потполност се согласуваат** со тврдењето, со иста процентуална застапеност, односно 23,5 % или 77 се изјаснуваат дека **воопшто не се согласуваат,** потоа 22,6 % или 74 од испитаниците се изјаснуваат дека **главно не се согласуваат,** 8,2 % или 27 **воопшто не се согласуваат**, додека мал

процент од нив, односно 3,4 % или 11 од нив се изјасниле дека **немаат мислење** за даденото тврдење.

Од искажаните ставови на родителите по ова прашање, можам да заклучам дека родителите имаат доста поделени мислења во однос на времето кое го посветуваат со нивните деца во текот на денот за да им помогнат во пишувањето и објаснувањето на нивните домашни задачи. Па токму затоа, прилично ме изненади и истата процентуална застапеност, односно 23, 5 % на оние родители кои во потполност се согласуваат , што значи дека сметаат дека треба да им посветат од 1 до 3 часа дневно на своите деца и да работат со нив, во спротивно со нив истата процентуална застапеност од 23,5 % ја делат и оние родители кои воопшто не се согласуваат со даденото тврдење.

**4. Посветувам од 1 до 3 часа дневно со своето дете во однос на совладување на училишниот материјал.**

Графикон бр. 29 Ставови на родителите во однос на тоа дали посветуваат од 1 до 3 часа дневно со своите деца во совладување на училишниот материјал



Како и прашањето со реден број 30, така и четвртото прашање е поврзано и гласи **„Посветувам од 1 до 3 часа дневно со своето дете во однос на совладување на училишниот материјал“.** При негово одговарање, 43,3 % или 142 се изјасниле дека **главно се согласуваат** со даденото тврдење, потоа од нив 23,5 % или 77 **главно не се согласуваат** со даденото тврдење, 21,3 % или 70 **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење, додека 7,9 % или 26 од нив **воопшто не се согласуваат**. Мал процент од нив, односно само 4 % или 13 **немаат мислење** за даденото тврдење.

Од ова прашање исто така можеме да заклучиме дека во делот на ставовите **во потполност се согласувам** и **главно не се согласувам** имаме блиска процентуална изразеност, односно ставовите на родителите се поделени, па тоа значи дека добар дел од нив сметаат дека треба да му посветат на своето дете од 1 до 3 часа дневно за да го совлада училишниот материјал, додека добар дел од нив смета не се согласува со даденото тврдење и тоа значи дека таа група на испитаници сметаат дека 1 до 3 часа дневно се многу за да им ги посветат за работа на своите деца.

## 5. Сметам дека децата се преоптоварени со обемен материјал за учење.

Графикон бр. 30 Ставовите на родителите за тоа дали децата се преоптоварени со обемен материјал за учење



Преку наредното тврдење кое е прикажано на Графиконот бр. 31, се има за цел да ги види ставовите на родителите во однос на обемноста на материјалот на децата на училиштата. Во поглед на одговорите на родителите, 28 % или 91 од нив се изјаснија дека **главно се согласуваат** со тврдењето, 27 % или 89 **во потполност се согласуваат** со тврдењето, од нив 25 % или 80 **главно не се согласуваат** со тврдењето, 10 % или 33 **немаат мислење**, додека 10 % или 33 се изјаснуваат дека **воопшто не се согласуваат**.

Од нивните ставови можам да заклучам дека имаме слична процентуална застапеност на одговорите на оние родители кои се изјансиле со ставовите дека главно се согласуваат и главно не се согласуваат со даденото тврдење. Односно 89 родители главно се согласуваат дека учениците се преоптоварени со обемен материјал за учење, додека 80 од нив не се согласуваат и сметаат дека обемноста на материјалот одговара на возраста на учениците.

## 6. Сметам дека имам доволно информации во врска со постигнувањата на моето дете во училиште.

Графикон бр. 31 Ставовите на родителите за тоа дали сметаат дека имаат доволно информации во врска со постигнувањата на нивните деца на училиште



Според зададеното тврдење **„Сметам дека имам доволно информации во врска со постигнувањата на моето дете во училиште“**, најголем дел од родителите, односно 56 % или 184 **во потполност се согласуваат** со тврдењето, 34 % или 110 од нив **главно се согласуваат**, додека значително помал е бројот од нив 5 % или 17 кои **главно не се согласуваат** со тврдењето, 4 % или 12 од нив **немаат мислење**, додека незначителен 2 % или 5 **воопшто не се согласуваат** со тврдењето.

По дадените одговори на родителите можеме да заклучиме дека родителите се задоволни од информациите кои ги добиваат за постигнувањата на своето дете на училиште и тие сметаат дека поседуваат доволно информации за своите деца.

## 7. Запознаен сум со додатната и дополнителната настава која се одвива во училиште.

Графикон бр. 32 Ставовите на родителите за тоа дали се запознаени со додатната и дополнителната настава која се одвива во училиште



Добиените податоци од одговорите на прашањето број 7, кои се претставени на Графикон бр. 33, се однесуваат на испитување на ставовите на родителите за тоа дали се запознаени со додатната и дополнителната настава која се одвива во училиште. Околу 43,7 % или 143 од испитаниците **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење, 26,9 % или 88 од испитаниците **главно се согласуваат**, 13,1 % или 43 од нив **немаат мислење** на даденото тврдење, 11,3 % или 37 **главно не се согласуваат**, и 4,9 % или 43 од нив **воопшто не се согласуваат**.

Според дадените ставови на родителите, можам да заклучам дека поголемиот број од родителите сметаат дека се запознаени со додатната и дополнителната настава која се одвива во училиште.

## 8. Сметам дека моето дете има потреба од додатна или дополнителна настава во училиште.

Графикон бр. 33 Ставовите на родителите за тоа дали сметаат дека нивното дете има потреба од додатна или дополнителна настава во училиште



Во однос на ова прашање, испитаниците можеа да го изразат ставот во поглед на тврдењето **„Сметам дека моето дете има потреба од додатна или дополнителна настава во училиште“.** Според нивните одговори, може да се констатира дека 29 % или 95 од нив го изразиле својот став со **главно се согласувам,** 23 % или 77 од испитаниците го изразиле својот став со **главно не се согласувам**, 18 % или 58 од нив го изразиле својот став дека **немаат мислење,** 17 % или 55 од нив **воопшто не се согласуваат** и 13 % или 43 **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење.

Според овие податоци, можам да заклучам дека имаме разноликост во одговорите на родителите по ова тврдење, односно голем дел од нив се согласуваат дека нивните деца имаат потреба од додатна или дополнителна настава во училиште, додека голем дел од нив не се согласуваат со тврдењето и сметаат дека нивните деца немаат потреба од додатна или дополнителна настава на училиште.

**9. Сметам дека моето дете треба да посетува некои од облиците на неформално образование (курсеви, дополнителна стручна помош, неформални организации, платен приватен наставник итн.).**

Графикон бр. 34 Ставовите на родителите за тоа дали сметаат дека нивното дете треба да посетува некои од облиците на неформално образование (курсеви, дополнителна стручна помош, неформални организации, платен приватен наставник итн.)



Преку наредното зададено тврдење, се има за цел да се испитаат ставовите на родителите кои се однесуваат на тврдењето **„Сметам дека моето дете треба да посетува некои од облиците на неформално образование (курсеви, дополнителна стручна помош, неформални организации, платен приватен наставник итн.)“.** При искажувањето на ставовите, родителите се изјаснија на следниов начин:

- 33,8 % или 111 од испитаниците **главно се согласуваат** со тврдењето,
- 21,3 % или 70 од нив **воопшто не се согласуваат**,
- 21 % или 69 **главно не се согласуваат,**
- 13,7 % или 45 од нив **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење и
- 10,1 % или 33 искажале дека **немаат мислење.**

Во поглед на ова можеме да заклучиме дека родителите имаат релативно различни погледи и нивните одговори варираат, па така дел од нив се согласуваат со тврдењето, додека дел од нив главно или воопшто не се согласуваат со даденото тврдење.

### 10. Остварувам постојана и континуирана комуникација и соработка со наставникот/чката на моето дете.

Графикон бр. 35 Ставовите на родителите за тоа дали остваруваат постојана и континуирана соработка со наставникот/чката на нивното дете



Според зададеното тврдење за тоа дали родителите остваруваат постојана и континуирана соработка со наставникот/чката на своето дете, најголема процентуална застапеност има од страна на родителите кои **во потполност се согласуваат** со зададеното тврдење, односно 59,6 % или 195 од испитаниците, по нив се оние со **главно се согласуваат** со тврдењето 31,5 % или 103 од испитаниците, 4,6 % или 15 од нив **немаат мислење** за ова тврдење, 3,1 % или 10 од испитаниците **главно не се согласуваат** со тврдењето, додека мал е бројот на оние кои **воопшто не се согласуваат** или 1,2 % или 4 од нив.

Одговорите на родителите на ова прашање укажуваат на тоа колку е важно постоењето на континуирана соработка помеѓу родителите и наставникот. Анализата на нивните одговори укажува на тоа дека најголемиот број од нив сметаат и остваруваат постојана и континуирана соработка со наставникот на своето дете.

## 11. Вклучен/а сум во вонаставните активности кои се организираат во училиштето на моето дете.

Графикон бр. 36 Ставовите на родителите за тоа колку се вклучени во воннаставните активности кои се организираат во училиштето на нивното дете



Преку наредното тврдење се има за цел да се согледаат ставовите на родителите за тоа колку се вклучени во вонnаставните активности кои се организираат во училиштето на нивното дете. Родителите ги искажаа следниве ставови:

- Најголем дел, односно 36,6 % или 120 од нив главно се согласуваат со даденото тврдење,
- 33,8 % или 111 од нив во потполност се согласуваат,
- 14,3 или 47 од нив немаат мислење за даденото тврдење,
- 10,4 % или 34 од нив главно не се согласуваат,
- 4,9 % или 16 од нив воопшто не се согласуваат со даденото тврдење.

Ставовите на наставниците укажуваат на фактот дека поголемиот број од родителите сметаат дека редовно се вклучени во вонnаставните активности кои ги организира училиштето на нивното дете, додека има и такви кои немаат мислење, или пак главно или воопшто немаат мислење за даденото тврдење. Лично мое мислење како одделенски наставник е дека родителите треба редовно да се вклучуваат во вонnаставните активности кои ги организира училиштето, со цел и тие да бидат поактивни и да се почувствуваат важни и вклучени тековно во целокупниот воспитно-образовен процес кој се одвива во училиштето.

### 12. Вклучен/а сум во проекти кои ги организира училиштето каде што учи моето дете.

Графикон бр. 37 Ставовите на родителите за тоа дали се вклучени во проекти кои ги организира училиштето каде што учи нивното дете



Слично како и тврдењето под реден број 11, така и во тврдењето под ред број 12, се очекува да се видат ставовите на родителите за тврдењето дали тие како родители се вклучени во проекти кои ги организира училиштето каде што учат нивните деца.

Според зададеното тврдење „Вклучен сум во проекти кои ги организира училиштето каде што учи моето дете", 32 % или 103 од родителите се изјасниле дека **главно се согласуваат** со даденото тврдење, 25 % или 83 **во потполност се согласуваат,** 23 % или 74 **немаат мислење** по ова тврдење, 10 % или 33 **воопшто не се согласуваат и** 10 % или 33 **главно не се согласуваат**.

Со оглед на одговорите на родителите по ова прашање, се доаѓа до констатација дека родителите треба да бидат почесто и поредовно вклучувани во проекти кои ги организира училиштето.

## 13. Редовно ги посетувам родителските средби.

Графикон бр. 38 Ставовите на родителите за тоа дали редовно ги посетуваат родителските средби




На следното тврдење, дали редовно ги посетуваат родителските средби родителите ги искажаа следниве ставови:

- Најголема процентуална застапеност од 78,6 % или 257 од испитаниците во потполност се согласуваат со даденото тврдење,
- 19,3 % или 63 од нив главно се согласуваат,
- Со главно не се согласувам се изјасниле 1,2 % или 4 од испитаниците,
- Немаат мислење 0,6 % од испитаниците или вкупно 2 од испитаниците,
- Со воопшто не се согласувам вкупно 0,3 или 1 испитаник.

Од анализираните одговори на наставниците можеме да заклучиме колку се важни присутноста и редовноста на родителите на родителските средби кои се организираат, најпрво заради непречен проток на информации кои треба да ги имаат родителите, а второ заради тоа да бидат во тек со сите работи кои се одвиваат во воспитно-образовниот процес.

**14. Редовно ги следам известувањата кои ги испраќа наставникот.**

Графикон бр. 39 Ставовите на родителите за тоа дали редовно ги следат известувањата кои ги испраќа наставникот




Во поглед на тврдењето под реден број 14, „Редовно ги следам известувањата кои ги испраќа наставникот“, родителите беа едногласни, односно 90 % од нив или вкупно 297 од испитаниците **во потполност се согласуваат**, и 10 % или 31 од

испитаниците **главно се согласуваат** со даденото тврдење. Во поглед на тврдењата **немам мислење**, **главно се согласувам** и **воопшто не се согласувам** не се произнесе ниту еден испитаник и поради тоа нема ниту еден одговор.

Според едногласнота во ставовите, можам да заклучам колку е важно за родителите да бидат известувани од страна на наставникот, односно колку е важно да ги следат редовно известувањата кои тој ги испраќа. Според ова можеме да заклучиме дека тие редовно го следат сето она што наставникот ќе го објави или се она за коешто тој ќе ги извести.

## 15. Се интересирам за успехот кој го постигнува моето дете во училиште.

Графикон бр. 40 Ставовите на родителите за тоа колку се интересираат за успехот кој го постигнува нивното дете на училиште




Во поглед на 15-тото тврдење кое гласи „Се интересирам за успехот кој го постигнува моето дете во училиште“, како и на претходното прашање, родителите се речиси едногласни, односно 88 % од нив или 290 **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење, 11 % или 36 од нив **главно се согласуваат** и незначително мал процент од 1 % или 2 испитаници од редот на родителите

**немаат мислење**. За тврдењата **воопшто не се согласувам** и **главно не се согласувам** не се произнесе ниту еден испитаник.

Како заклучок од ставовите со кои се произнесоа родителите, може да се заклучи дека родителите сакаат да бидат во тек и редовно се интересираат за успехот на своето дете во училиште.

## 16. Задоволен/на сум од соработката со наставникот на моето дете.

Графикон бр. 41 Ставовите на родителите дали се задоволни од наставникот на нивното дете




Во поглед на тврдењето на следното прашање кое вели **„Задоволен/на сум од соработката со наставникот на моето дете“**, целта беше да се испитаат ставовите на родителите во поглед на тоа колку се задоволни од соработката што ја остваруваат со наставникот на своето дете.

Родителите ги искажаа своите ставови на следниов начин:

- 75 % или 245 од нив **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење,

- 20 % или 67 **главно се согласуваат,**

- 2 % или 9 од нив **немаат мислење,**

-2 % или 9 од нив **главно не се согласуваат** и

-1 % или 4 од испитаниците **воопшто не се согласуваат**

Од искажаните ставови на родителите за даденото тврдење, можеме да заклучиме дека поголемиот број од нивните ставови се однесуваат на тоа дека родителите се задоволни од соработката со наставникот.

## 17. Задоволен/на сум од влијанието на наставникот врз постигнатиот училиштен успех на моето дете.

Графикон бр. 42 Ставовите на родителите за тоа дали се задоволни од влијанието на наставникот врз постигнатиот училиштен успех на нивното дете на училиште




Во поглед на тоа колку родителите се задоволни од влијанието на наставникот врз постигнатиот училиштен успех на своето дете, говори и тврдењето

на 17 прашање кое гласи **„Задоволен сум од влијанието на наставникот врз постигнатиот училиштен успех на моето дете“**, како и нивните ставови:

- 69 % или 225 од испитаниците **во потполност се согласуваат** со даденото тврдење,
- 23 % или 76 од нив **главно се согласуваат**,
- 4 % или 17 од нив **главно не се согласуваат**,
- 2 % или 8 **немаат мислење**,
- 2 % или 8 **воопшто не се согласуваат**.

Од анализата на ставовите на родителите може да се заклучи дека најголемиот дел од нив се задоволни од работата на наставниот кадар, односно задоволни се од влијанието на наставникот врз своето дете, неговиот однос и предавања, сѐ со цел децата да имаат и да постигнуваат поголем успех во училиште.

## 18. Училиштето треба да организира повеќе активности во кои почесто ќе бидат инволвирани родителите.

Графикон бр. 43 Ставовите на родителите за тоа дека училиштето треба да организира повеќе активности во кои почесто ќе бидат инволвирани родителите



Последното тврдење наменето за родителите кое гласи **„Училиштето треба да организира повеќе активности во кои почесто ќе бидат инволвирани родителите“** има за цел да ги испита ставовите на родителите и што тие мислат, дали училиштето треба да организира повеќе активности во кои ќе бидат вклучени родителите, 34,5 % или 113 од нив **главно се согласуваат** со даденото тврдење, 27,7 % или 91 од испитаниците **немаат мислење**, 18,6 % или 61 **во потполност се согласуваат**, 13,7 % или 45 **главно не се согласуваат** и 5,5 % или 18 од нив **воопшто не се согласуваат**.

Според разноликоста во ставовите на родителите за ова тврдење, можеме да заклучиме дека дел од родителите се согласуваат со тоа дека треба почесто да бидат вклучувани во разновидни активности кои ги организира училиштето, има и дел на такви кои немаат мислење за ова тврдење, додека дел од нив главно или воопшто не се согласуваат со тврдењето.

# 3. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведените интервјуа со учениците од трето до петто одделение

За потребите на истражувањето, спроведени беа и интервјуа со вкупно 227 ученици од 12 основни училишта на територијата на град Скопје. Прашањата се од отворен тип, за кои учениците даваат свои мислења и видувања. Во продолжение следува табеларно и описно, презентирање и анализа на добиените одговори од спроведените интервјуа.

**Интервју со ученици**

**Училиште и број на испитаници**

Табела бр. 2 Училиште и број на испитаници

| Училишта каде е спроведено интервју со ученици | Број на интервјуирани ученици (III, IV, V одд.) | Општина | Вкупно интервјуирани ученици по училишта |
|---|---|---|---|
| 1.ООУ „Лазо Ангеловски“ | 11 - III одд.<br>18 - IV одд.<br>8 - V одд. | Аеродром | 37 |
| 2.ООУ„Браќа Миладиновци“ | 5 - III одд.<br>5 - IV одд.<br>5 - V одд. | Аеродром | 15 |
| 3.ООУ „Александар Македонски“ | 5 - III одд.<br>5 - IV одд.<br>6 - V одд. | Аеродром | 16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. ООУ „Димитар Македонски“ | 6 - III одд.<br>6 - IV одд.<br>6 - V одд. | Аеродром | 18 |
| 5. ООУ „Невена Георгиева Дуња“ | 6 - III одд.<br>6 - IV одд.<br>6 - V одд. | Кисела Вода | 16 |
| 6.ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ | 5 - III одд.<br>5 - IV одд.<br>5 - V одд. | Кисела Вода | 15 |
| 7.ООУ „11 Октомври“ | 8 - III одд.<br>8 - IV одд.<br>8 - V одд. | Центар | 24 |
| 8.ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ | 6 - III одд.<br>6 - IV одд.<br>6 - V одд. | Центар | 18 |
| 9.ООУ „Петар Поп Арсов“ | 6 - III одд.<br>5 - IV одд.<br>3 - V одд. | Карпош | 14 |
| 10.ООУ „Лазо Трповски“ | 6 - III одд.<br>6 - IV одд.<br>6 - V одд. | Карпош | 18 |
| 11. ООУ „Дане Крапчев“ | 6 - III одд.<br>6 - IV одд.<br>6 - V одд. | Гази Баба | 18 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. ООУ „Наум Охридски“ | 6 - III одд.<br>7 - IV одд.<br>5 - V одд. | Гази Баба | 18 |
| **Вкупно ученици од сите училишта:** | | | 227 |

Во спроведеното истражување беа вклучени 12 училишта распределени во различни општини, со вкупно интервјуирани 227 ученици од 3, 4 и 5 одделение.

1. **Општина Аеродром:**
   - **ООУ „Лазо Ангеловски“:** Интервјуирани 37 ученици (11 од трето, 18 од четврто и 8 од петто одделение).
   - **ООУ „Браќа Миладиновци“:** Интервјуирани 15 ученици (5 од трето, 5 од четврто и 5 од петто одделение).
   - **ООУ „Александдар Македонски“:** Интервјуирани 16 ученици (5 од трето, 5 од четврто и 6 од петто одделение).
   - **ООУ „Димитар Македонски“:** Интервјуирани 18 ученици (6 од трето, 6 од четврто и 6 од петто одделение).
2. **Општина Кисела Вода:**
   - **ООУ „Невена Георгиева Дуња“:** Интервјуирани 16 ученици (6 од трето, 6 од четврто и 6 од петто одделение).
   - **ООУ „Кирил Пејчиновиќ“:** Интервјуирани 15 ученици (5 од трето, 5 од четврто и 5 од петто одделение).
3. **Општина Центар:**
   - **ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“:** Интервјуирани 18 ученици (6 од трето, 6 од четврто и 6 од петто одделение).
   - **ООУ „11 Октомври“:** Интервјуирани 24 ученици (8 од трето, 8 од четврто и 8 од петто одделение).

4. **Општина Карпош:**
   - **ООУ „Петар П. Арсов“:** Интервјуирани 14 ученици (6 од трето, 5 од четврто и 3 од петто одделение).
   - **ООУ „Лазо Трповски“:** Интервјуирани 18 ученици (6 од трето, 6 од четврто и 6 од петто одделение).
5. **Општина Гази Баба:**
   - **ООУ „Дане Крапчев“:** Интервјуирани 18 ученици (6 од трето, 6 од четврто и 6 од петто одделение).
   - **ООУ „Наум Охридски“:** Интервјуирани 18 ученици (6 од трето, 7 од четврто и 5 од петто одделение).

⇨ **Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведените интервју со учениците од трето до петто одделение во основното образование**

Во третиот дел од магистерскиот труд се анализираат и интерпретираат добиените податоци од спроведеното истражување преку техниката на интервјуирање, наменета за учениците од одделенска настава. Преку спроведеното интервјуирање се добиваат податоци за односот на учениците кон учењето и значењето на образовните постигнувања.

Во продолжение се прикажани добиените резултати од спроведеното истражување, преку квантитативна и квалитативна интерпретација, како и образложение на истите.

За потребите на ова истражување беа спроведени и интервјуа со ученици од трето до петто одделение, од 10 училишта во градот Скопје и 2 приградски училишта во околината на градот Скопје во општините Ченто и Булачани. Беа опфатени вкупно 227 ученици. Прашањата се од отворен тип, на коишто испитаниците имаа можност слободно да го изразат својот став и да одговорат на прашањата и да ги изразат своите гледишта. Во продолжение следуваат

презентирање и анализа на добиените одговори од спроведените интервјуа со учениците.

**Прашање број 1. „Дали сакаш да одиш на училиште?“**

Учениците едногласно ги искажаа своите ставови во однос на училиштето. Повеќето од учениците изразуваат љубов и голема желба за посета на училиште, но има и мал број такви кои отстапуваат со нивните одговори и истакнуваат дека не им се оди на училиште, и тоа поради:

- односот и авторитетот на наставникот;
- обемот на материјалот кој го изучуваат;
- атмосферата која владее за време на часовите;
- врсничкото насилство;

**Прашање број 2. „Дали се чувствуваш убаво на училиште?“**

На ова прашање поголемиот дел од учениците се изјаснија дека се чувствуваат убаво, безбедно, прифатено, пријатно, расположено, среќно, мотивирано и исполнето за време на својот престој во училиште (за време на часовите и одморите). Притоа многу од нив истакнуваат дека престојот во училиште го доживуваат како во својот дом, дека се прифатени од наставникот, соучениците и останатиот персонал од училиштето. Во продолжение е претставен пример од личен став на ученик:

- „Пола од времето ми е убаво, бидејќи се дружам со девојчињата и учам нови работи, а другата половина од времето не ми е убаво, бидејќи момчињата сакаат да се дружат со мене затоа што се однесуваат непристојно и се служат со вулгарни зборови.“

- **Прашање број 3. „Дали можеш да го/ја прашаш наставникот/чката кога нешто не ти е јасно?“**

Во однос на ова прашање, не сите ученици го делат истото мислење, односно еве дел од нивните ставови:

- „Јас можам да ги прашам наставничките во кое било време доколку нешто не ми е јасно.“
- „Јас ја прашувам мојата наставничка кога нешто не ми е јасно и таа со убаво ми објаснува.“
- „Секогаш можам да ја прашам бидејќи таа знае повеќе од сите нас и ќе нè насочи правилно.“
- „Ако нешто не ми е јасно, можам да ја прашам наставничката, но понекогаш се срамам.“
- „Да, достапна е и секогаш добивам конкретен одговор.“
- „Да, со задоволство ми помага во сè.“
- „Можам, но тоа се случува ретко, затоа што убаво го објаснува материјалот.“
- „Да, ја прашувам, но понекогаш знае да ми се развика кога не сум сфатил/а.“
- „Да, најчесто за да ми објасни задачи по математика.“
- „Да, јас можам да ја прашам да прашам, но не смее да ја прашуваме кога имаме тест.“
- „Да, јас можам, храбро девојче сум, не се срамам.“
- „Понекогаш ни објаснува, понекогаш не ни објаснува.“
- „Објаснува, но прво треба да кренеме рака.“
- „Прашуваме секогаш, таа и нè охрабрува да прашуваме кога нешто не ни е јасно.“
- „Некогаш ја прашувам, но некогаш не бидејќи се плашам дека ќе ми се развика.“

Од личните ставови на учениците можеме да заклучиме дека поголемиот број од учениците имаат слобода да го/ја прашаат својот/ата наставник/чка доколку нешто не им е јасно за време на часот додека се изучува материјалот или се предава лекцијата, има и такви кои од некоја причина се срамат или немаат храброст да постават прашање, но и такви кои поради авторитетот на наставникот имаат страв да постават прашање, мислејќи дека ќе бидат прекорени или замолчени од негова страна.

- **Прашање број 4. „Дали наставникот убаво го објаснува материјалот кои го изучуваш по предметите во училиште?“**

Учениците одговорија позитивно за начинот на кој наставникот го предава материјалот за време на часовите. При земање на секоја нова лекција поголемиот број од наставниците се трудат да им го задржат вниманието на учениците и да им ги разјаснат сите непознати зборови, термини со кои често се сретнуваат учениците. Притоа, речиси секогаш се грижат да го приспособат материјалот за возраста и способностите на секој од учениците. Задоволни се од начинот на кој се презентира и принципите кои се применуваат при предавање нов материјал или при повторување на истиот. Истакнуваат дека посебно по предметите природни науки и општество наставниците се трудат на интересен и сликовит начин преку експерименти и на практичен начин да им го презентираат потребниот материјал, а потоа и учениците се обидуваат самостојно да го следат примерот на наставникот со цел полесно и потемелно совладување на задолжителниот материјал.

- **Прашање број 5. „Дали родителите ти помагаат додека учиш?“**

Во врска со посветеноста на родителите и времето кое тие го одвојуваат за своите деца во однос на извршување и помагање на училишните обврски на детето,

учениците се изјаснуваат дека родителите не секогаш имаат време да им помогнат во извршување на основните задачи коишто се дадени за домашна работа, изработка на проект и изучување нова лекција или повторување дадена тема за која треба да добијат соодветна оценка на училиште. Половина од децата истакнуваат дека родителите им помагаат при извршување на домашните задачи од училиште и помош при учење, една третина кажуваат дека бабите и дедовците, тетките, поголемите сестра или брат им помагаат при решавање на проблемите, пишување на домашните задачи, разрешување на математичките задачи, а другите кажуваат дека родителите воопшто не им помагаат при пишување домашни задачи, објаснување или изработување проект со оправдани дека немаат време, дека се премногу преморени од работа или, пак, им предлагаат одговорите сами да ги истражат и побараат на интернет.

- **Прашање број 6. „Дали ги прашуваш родителите кога ќе се соочиш со тешкотии во учењето на материјалот по некој од предметите?“**

Поголем број од учениците ги прашуваат своите родители за помош со материјалот, додека другите се обидуваат сами да ја завршат својата обврска со најчест став дека сами поубаво ќе го совладаат и сфатат она што го изучувале на училиште. Најчесто бараат помош при решавање математички задачи и проблеми, граматика македонски и објаснување лекции и теми од предметот историја и општество. Често се среќава истиот одговор дека најголем проблем им создава предметот историја и општество, тежок им е да го запаметат и научат. Доколку се отсутни од училиште, истакнуваат дека повеќе се консултираат со наставникот отколку со своите родители за она што го имаат пропуштено во текот на своето отсуство, со цел да го надополнат или кога не им е јасна домашната задача.

- **Прашање број 7. „Дали ти се допаѓа на училиште?“**

Ова прашање е присутно цело време во општеството. Во однос на одговорите кои ги добив, се потврди и моето мислење. Дел од учениците им се допаѓа училиштето бидејќи во него се здобиваат со нови знаења и интересни теми, а другите велат дека им се допаѓа, но од аспект на тоа дека таму им се нивните другарчиња и таа е причината за тоа да одат на училиште, односно им се допаѓа другарството кое го развиваат таму. Мал дел од децата велат дека не сакаат да одат на училиште бидејќи го доживувале како тешкотија, даваат објаснување дека имале премногу за пишување и учење, материјалот е премногу тежок и дека се соочуваат со врсничко насилство од страна на другите ученици.

- **Прашање број 8. „Дали ти се допаѓа твојата училница? Што најмногу ти се допаѓа во училницата?“**

Сите ученици кои беа интервјуирани одговорија дека им се допаѓа како е уредена и украсена нивната училница. Учениците изразија позитивни ставови и импресии во врска со поставеноста на смарт таблите во нивните училници. Истакнаа дека откако се поставени смарт таблите во училниците на полесен и поинтересен начин ги доживуваат лекциите кои им се презентираат. Полесно им е да го видат она што им се предава и да ги запаметат работите кои ги учат, има поголема активност на часовите, се пријавуваат да учествуваат во вежбите кои се решаваат на смарт таблите. Од друга страна, има ученици кои се жалат за условите во училницата кои се однесуваат на преголемата топлина во просторијата и тоа ги спречува да ја одржат својата концентрација на часот. Посебни интересни работи кои ги истакнаа се:

- Цртежите кои ги изработуваат за време на часот по ликовно образование;
- Географските карти и глобуси поставени во училницата;
- Хамерите кои ги изработуваат заедно со наставникот;

- Нивните лични проекти и изработки со кои особено се гордеат;
- Изработките по предметот техничко образование.

- **Прашање број 9. „Дали си помагате меѓусебно со другарчињата на училиште?“**

На ова прашање учениците одговорија дека се расположени во секое време да подадат рака и да пружат помош на своето другарче доколку му е потребно. Мал дел од учениците се изјаснија дека има соученици што не споделуваат информации со другите соученици, секогаш се двојат од групата или доколку наставникот ги подели во група да сработат одреден проект, сами изразуваат желба да се одвојат од групата и проектот да го сработат сами.

- **Прашање број 10. „Дали во твојата училница владее работна атмосфера?“**

Најголемиот дел од учениците истакнуваат дека владее работна атмосфера за време на часовите. Има и такви што истакнаа дека работната атмосфера во училницата и за времетраењето на часовите владее само доколку нивниот наставник  го повиши својот тоналитет на гласот или пак со самото негово присуство во училницата, а доколку тој излезе од училницата, почнува да се нарушува атмосферата со постојано зборување на соучениците помеѓу себе. Неколку од нив истакнаа дека често нивните соученици знаат да бидат причина за нарушување на работната атмосфера со честото зборување за времетраењето на часот.

- **Прашање број 11. „Дали имаш тешкотии додека учиш/ако имаш, со какви тешкотии се соочуваш додека учиш?"**

Учениците на ова прашање се изјаснија со слични одговори. На поголемиот дел од нив најтежок предмет и предмет кој им создава одбивност за изучување и разбирање претставува Математика, додека на друг дел од нив предметот Историја и општество им создава збунетост и тешкотија при неговото изучување, при што се изјаснуваат дека материјалот и лекциите им се потешки, а честопати и тешки за паметење.

- **Прашање број 12. „Кој предмет ти оди најтешко или ти создава одбивност да го учиш?"**

На ова прашање еден заеднички став кој го имаат учениците од сите училишта каде што го спроведував интервјуто ми остави особен впечаток, а тоа е дека предметот Историја и општество претставува речиси секаде предмет кој не е доволно разбран од учениците. Во повеќето од ставовите на учениците, тие истакнуваат дека предметот им е тежок за разбирање, паметење и учење, дури и откако лекцијата е предадена од страна на наставникот кога ќе седнат самите да ја учат или повторат им создава одбивност и особена тешкотија.

- **Прашање број 13. „Кој предмет ти е омилен (сакаш да го учиш најмногу), а кој ти е најнеомилен (најмалку сакаш да го учиш)?"**

Како што наведов погоре и во делот што се однесува на предмет кој им создава одредена тешкотија или одбивност да го научат, така и овде одговорот на прашањето за она кој предмет им е најнеомилен или не сакаат да го учат толку многу е предметот Историја и општество. По него следен е Математика во делот на

мерките и дропките, Македонски во делот на граматичките прописи и правила, како и предметот Музичко образование со образложение дека не ги разбираат нотите, или дека не знаат да свират на одреден инструмент за кој ги учи наставникот. Меѓу предметите кои им се најомилени се предметите: Ликовно образование, Македонски јазик, Природни науки, Физичко образование.

- **Прашање број 14. „Дали мислиш дека наставникот/чката ти дава многу домашни задачи?“**

Учениците истакнаа дека наставникот/чката им дава доволно домашни задачи доволно онолку колку што им треба за да го совладаат материјалот кој го изучуваат. Имаше мал број ученици кои истакнаа дека домашните задачи кои им се даваат се преобемни, па не можат да постигнат. Во прилог и некои од ставовите на учениците:

- Не, не мислам дека наставничката ми дава многу домашни задачи.

- Понекогаш да , но тоа е за наше добро, па затоа не се лутам.

- Постојано сите задачи се лесни, а ако ми даде тешки, тоа значи дека сака да научам повеќе работи.

- Јас мислам не, бидејќи таа ни дава за да научиме.

- Не, наставничката ни дава домашни задачи за да го совладаме материјалот точно.

- Некогаш ни дава, некогаш не ни дава.

- Да, посебно наставничката по англиски јазик.

- Па, понекогаш ни дава повеќе домашна.

- Мојата наставничка дава доволно домашна колку што е потребно.

- Не ни дава, може и повеќе.

- Понекогаш кога сме понемирни, ни дава, а кога сме мирни, не ни дава толку многу.

-Не, јас мислам дека таа дава соодветна количина домашни задачи.

- **Прашање број 15. „Дали домашните задачи кои ви ги даваат се тешки?“ (поврзано со горното прашање)**

Најголем број од учениците во поглед на ова прашање се изјаснија дека ова зависи од предметот и тежината на материјалот и на темата кои го изучуваат. Секако доколку и домашната задача е поврзана со потешка тема која се изучува најчесто по предметите Математика, Македонски јазик или пак Историја и општество, некогаш им претставуваат тешкотија. Учениците сакаат кога се вклучени во изработка на самостојни проекти, во кои може да учествуваат самостојно со своја изработка или труд или пак во групи заедно со своите другари. Ова најчесто е присутно во предметите Природни науки, на пример кога се изучуваат езерата во Македонија, делови на телото, Музичко образование на пример кога изучуваат видови композиции или композитори, Македонски јазик кога изработуваат своја книга или сликовница при обработка на одредена лектира итн.

- **Прашање број 16. „Дали секогаш самостојно ја пишуваш домашната задача или бараш помош од некој од твоите родители (брат, сестра, баба, дедо)?“**

Во поглед на ова прашање, учениците се изјаснија дека првично се обидуваат самите да се справат со тешкотиите со кои ќе се соочат на училиште, тешкотијата или нејаснотијата при извршување на домашните задачи итн. Но, кога ќе увидат

дека не можат сами да се справат со одредена лекција, содржина, или пак повторување на темата, особено пред проверки на училиште, бараат помош најчесто од своите родители (доколку се дома), од браќата или сестрите (доколку се постари), а има и такви кои бараат помош и работат со своите баби и дедовци, тетка и тетин. Особено ме изненади и мислењето на одредени поединци кои се изјаснија дека и да побараат помош, не наидуваат на разбирање и немаат слух од страна на родителите дома, па помошта ја бараат од постарите сестри или браќа, а имаше и такви кои, и да побараат помош, не наидуваат на разбирање од ниедна страна во нивното домашно опкружување, па со тешкотиите околу училишните задачи и обврски мораат да се соочат сосема сами.

- **Прашање број 17. „Дали си запишан на курс по одреден јазик или посетуваш едукативен центар или приватно училиште кои би ти помогнале полесно да го совладаш училишниот материјал?"**

Одговорите на учениците по ова прашање беа дека поголемиот дел од нив веќе посетуваат курс по одреден јазик: англиски јазик, шпански јазик, германски јазик, италијански јазик, а имаше и такви кои се изјаснија дека посетуваат спортови: кошарка, фудбал, одбојка, тенис. Дел од нив посетуваат музичко училиште или свират на некој инструмент, часови по пливање, часови по пијано, дел од нив се дел од извидници, часови по математика, хип-хоп. Некои од нив посетуваат и дневни центри каде што ги завршуваат своите училишни задачи и обврски по завршувањето на училишните часови. Поголемиот дел од децата истакнаа дека посетуваат некаков курс, спорт или музичко истовремено, па, иако би сакале и имаат желба да учат повеќе нови и интереси работи, немаат толку време.

Имаше и такви ученици кои се изјаснија дека не посетуваат никаков курс по одреден јазик, ниту пак спорт, додека некои изразија специфични желби дека сакаат да одат на пример на шах, сакаат да посетуваат балет и да бидат балерини, гимнастичари, игроорна, германски јазик, француски јазик.

- **Прашање број 18. „Дали си изразил/а желба или би сакал/а да посетуваш некаков курс?“**

Дел од учениците се изјаснија дека, поради големиот обем на обврски и домашни задачи околу училиштето, би сакале, но не можат да постигнат поради тоа што има одзема поголем од времето нивното извршување. Додека дел од нив искажаа интересни желби за посета како на пример: изучување одреден инструмент, курс по шах, балет, одбојка, компјутери итн.

# IV дел

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

## Заклучоци од спроведеното истражување

Според податоците добиени од истражувањето, главната цел беше да се испита улогата на родителите во образовните постигнувања на нивните деца, и за таа цел, а со самото тоа и за поопширно и попродлабочено да го истражам нивниот фокус кон постигнувањата кои ги имаат и покажуваат нивните деца на училиште, во фокусот беа ставени искажаните ставови на родителите, искажаните ставови на наставниците, како и интервју со самите ученици кои се директно вклучени во самиот образовен процес, односно оние ученици од трето, четврто и петто одделение, кои веќе знаат да ги искажат својот став и мислење околу дадено прашање и тема.

Од извршената анализа на добиените податоци од спроведеното истражување, се доаѓа до заклучок дека е потврдена основната општа хипотеза на истражувањето, односно дека инволвираноста на родителите на учениците од одделенската настава во однос на нивните училишни обврски, задолженија и задачи, како и соработката со наставниот кадар, има позитивно влијание на нивните образовни постигнувања.

⇨ **Од извршената анализа на добиените податоци од спроведеното истражување се изведуваат следните заклучоци:**

**Општ заклучок:**

Резултатите од интервјуата со учениците откриваат важни аспекти на образовниот процес и покажуваат како учениците се справуваат со своите училишни обврски, со какви предизвици се соочуваат, и какви се нивните општи перцепции за образованието. Според информациите собрани од учениците, може да се направат следниве заклучоци:

- **Задоволство од наставата:** Поголемиот дел од учениците се задоволни од начинот на кој наставниците го предаваат материјалот. Тие го ценат интересниот и интерактивен пристап на наставниците, особено кога се

користат визуелни и практични методи на учење. Овие методи помагаат во подобрување на разбирливоста на материјалот и одржувањето на вниманието на учениците.

- **Предизвици во учењето:** Сепак, учениците се соочуваат со значајни предизвици, особено во однос на одредени предмети и количината на домашни задачи. Предметите како Историја и општество често се наведуваат како тешки за разбирање и паметење, што укажува на потребата за дополнителна поддршка и приспособување на наставните методи.
- **Родителска поддршка:** Поддршката од семејството е критична, но не секогаш достапна. Некои ученици се соочуваат со недостаток на помош од родителите, што може да ги остави самите со своите тешкотии. Ова укажува на потребата од подобрување на комуникацијата и организирањето на времето во семејството за да се овозможи соодветна поддршка за децата.

➢ Врз основа на деталната анализа на одговорите на учениците, заклучоците се следни:

**Општа хипотеза: Инволвираноста на родителите на учениците од одделенската настава во однос на нивните училишни обврски, задолженија и задачи, како и соработката со наставниот кадар, имаат позитивно влијание на нивните образовни постигнувања.**

Анализа на општата хипотеза

➢ **Делумно потврдена**

➢ **Објаснување:** Анализата на податоците покажува дека инволвираноста на родителите и соработката со наставниците има мешани ефекти на образовните постигнувања на учениците. Од една страна, учениците кои добиваат активна поддршка од родителите и кои имаат соработка со наставниците обично покажуваат подобри резултати во образованието. Од друга страна, податоците покажуваат дека во некои случаи родителите не се

доволно ангажирани или не успеваат да обезбедат потребната поддршка, што негативно влијае на образовните постигнувања на учениците.

**Посебна хипотеза 1: Учениците имаат позитивен однос кон учењето и покажуваат интерес и одговорност за нивните образовни постигнувања.**

- **Потврдена.**
- **Објаснување:** Податоците покажуваат дека учениците имаат позитивен став кон учењето и се проактивни во своето образование. Ова се потврдува со нивниот интерес за различни предмети, активното учество во различни курсеви и воннаставни активности, како и нивната одговорност при извршување на домашните задачи. Учениците обично се расположени да помогнат на другарчињата и се стремат да го совладаат наставниот материјал. Тие покажуваат одговорност и интерес за подобрување на своите образовни постигнувања.

**Посебна хипотеза 2: Учениците се соочуваат со тешкотии при самостојното совладување на наставниот материјал.**

- **Потврдена.**
- **Објаснување:** Анализата на податоците укажува на тоа дека многу ученици имаат проблеми со самостојното совладување на материјалот, особено во предмети како Историја и општество. Овие предмети се идентификувани како посебно тешки за разбирање и паметење, што сугерира дека учениците се соочуваат со значајни тешкотии при самостојното учење, за што им е потребна дополнителна поддршка и ресурси.

**Посебна хипотеза 3: Родителите не покажуваат интерес за образовна работа со своите деца.**

- **Делумно потврдена.**
- **Објаснување:** Податоците покажуваат дека помошта од родителите е различна и не секогаш е присутна. Некои ученици добиваат значајна

поддршка од родителите, додека други не наидуваат на разбирање и помош, што укажува на тоа дека не сите родители активно се вклучуваат во образовната работа на своите деца. Ова може да се смета како делумна потврда на хипотезата, бидејќи има случаи кога родителите не покажуваат интерес. Иако некои родители активно помагаат, други не покажуваат интерес или разбирање, што го отежнува процесот на учење за тие ученици.

**Посебна хипотеза 4: Родителите имаат потреба од дополнителна помош и поддршка за своите деца од страна на други институции, организации и индивидуи.**

- **Потврдена.**
- **Објаснување:** Податоците откриваат дека многу ученици се запишани на дополнителни курсеви, што укажува на потреба од дополнителна поддршка и помош. Ова вклучува курсеви за јазици, спортови и други активности, што сугерира дека родителите и учениците сами бараат дополнителна поддршка надвор од основното образование за да ги задоволат нивните потреби. Со ова се укажува на потребата од дополнителна помош надвор од одновното образование.

**Посебна хипотеза 5: Родителите не посветуваат доволно време за работа на училишните задачи со своите деца.**

- **Потврдена.**
- **Објаснување:** Податоците покажуваат дека, иако некои родители активно работат со своите деца на домашните задачи, многу ученици не добиваат доволно време и внимание од страна на родителите за работа на училишните задачи. Ова е особено видливо во ситуациите кога помошта од родителите не е достапна или недоволна, што укажува на потврдување на хипотезата. Ова создава недостаток на поддршка за учениците и влијае на нивниот напредок во училиште.

**Посебна хипотеза 6: Нема голема соработка помеѓу родителите и наставниците во врска со подобрување на образовните постигнувања на учениците.**

- **Потврдена.**
- **Објаснување:** Податоците укажуваат на недостаток на соработка помеѓу родителите и наставниците. Проблемите кои учениците ги изразуваат во однос на домашните задачи и тешкотиите со одредени предмети не секогаш се решаваат со соработка помеѓу родителите и наставниците. Ова укажува на недостаток на комуникација и координација помеѓу двете страни, што може да доведе до проблеми во образовниот напредок на учениците.

**Посебна хипотеза 7: Родителите не учествуваат во воннаставните активности на своите деца.**

- **Делумно потврдена.**
- **Објаснување:** Податоците откриваат дека, иако многу ученици учествуваат во воннаставни активности, родителите не секогаш активно учествуваат или ги поддржуваат овие активности. Иако некои родители се вклучени, има случаи каде што родителите не се ангажирани во воннаставните активности на своите деца, што покажува делумна потврда на хипотезата.

Резултатите од интервјуата со учениците откриваат различни аспекти на нивното учење и образовниот процес. Позитивните аспекти, како што се задоволството од наставата и активната вклученост во дополнителни активности, укажуваат на добри практики во образованието. Сепак, предизвиците во однос на помошта од семејството, количината на домашните задачи и тешкотиите со некои предмети покажуваат дека постои потреба за дополнителни напори во овие области. Препораките вклучуваат подобрување на поддршката од семејството, оптимизирање на количината на домашните задачи и воведување иновации во наставата за да се подобри разбирањето на потешките предмети. Овие мерки може да доведат до поголемо задоволство, мотивација и успех на учениците.

## 11. Користена литература:


1. Адамческа, С. (1996). *Активна настава*. Скопје: Легис Скопје
2. Галевска-Ангелоска, Н. (2020). *Академско говорење и пишување,* Скопје: Филозофски факултет - Скопје.
3. Гогоска, Л. (1994). *Педагогија*, Скопје: Ѕвезда.
4. Гонзалес-Мена, Џ. (2017). *Детето, семејството и општеството*. Скопје: Arbëria Design.
5. Грандић Р., Гајић, О. (2001).*Теорије интелектуалног васпитања*. Нови Сад: Савез педагошких друштава Војводине.
6. Копровски, Љ., Поповски, Б. (1998). *Педагогија*, Скопје: Филозофски факултет Скопје.
7. Котева-Мојсовска, Т. (2009). *Семејното воспитание и* социјалното однесување. Скопје: Академски печат.
8. Лакинска, Д. (1987). *Семејството и воспитанието*, Скопје: Филозофски факултет Скопје.
9. Митев, З. (2014). *Соработката на родителите со основното училиште-искуства и перспективи. (*Докторска дисертација). Скопје: Филозофски факултет Скопје.
10. Петровска, Н. (et al.). (2018). *Прирачник за позитивно родителство*. Скопје: Канцеларија УНИЦЕФ Скопје.
11. Попоски, К. (1984). *Знаењето и неговото усвојување*. Скопје: „Просветно дело" Скопје.
12. Попоски, К. (1984). *Оспособување на учениците за самостојно учење*. Скопје: „Просветно дело" Скопје.
13. Попоски, К. (1998). *Успешен наставник*.Скопје: НИРО „Просветен работник" Скопје.
14. Радуловиќ, М. (2014). *Традицијата во европските и македонските семејства*:КУЛТУРА-Скопје.
15. Радуловиќ, М. (2018). *Здравјето како право и здравјето како обврска*:КУЛТУРА АД – Скопје.

16. Радуловиќ, М., Бундалевска А. И. и Кескинова, А. (2023). *Перцепции за бракот и разводот на младите во Република Северна Македноија:* Филоофски Факултет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.
17. Радуловиќ, М., Бундалевска А. И. и Кескинова, А. (2024). *Современото македонско семејство:* Здружение на семејна поддршка-ЕСТИА.
18. Ризова, Е. (2021). *Доживотно учење*. Скопје: Филозофски факултет Скопје.
19. Тасевска, А. (2020). *Семејна педагогија,* Скопје: Филозофски факултет-Скопје.
20. Трнавац, Н. (1996). *Педагог у школи*. Београд: Учитељски факултет.
21. Ќупева, Т. (2014). *Педагошка комуникација*, Скопје: Академска реч.
22. Џордан, А.Е., Порат, Ј.М. (2017). *Образовна психологија*. Скопје: Arbëria Design.
23. Џорџ, П.Р., Елштејн, Б.О., (2013). *Значењето на бракот*. Арс Ламина.
24. Шурбановска, О. (2013). *Родителите и однесувањето на детето во училиштето,* Скопје: Филозофски факултет Скопје.
25. Dordevic, B. (1979). *Savremena porodica i njena vaspitna uloga*. Zagreb: Institut za pedagoška istraživanja.

**Интернет-извори:**

1. *Step by Step*. (n.d.). *Училишното и заедницата*. *Step by Step*. Преземено од https://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/toolbox/uchilishteto_i_zaednicata_mak.pdf
2. *Living Democracy*. (n.d.). *Училиште: Како заедница на учење*. Преземено од https://www.living-democracy.com/mk/principals/%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%9A%D0%B5/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82/%D1%83%D1%87%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%9A%D0%B5/

3. *Deca.mk.* (n.d.). *Соработката меѓу родителите и наставниците - важен фактор за успех на детето.* Преземено од https://deca.mk/sorabotkata-megu-roditelite-i-nastavnitsite-vazhen-faktor-za-uspeh-na-deteto/
4. *ООУ Дебрца.* (2020). *Кодекс за родители.* Преземено од https://ooudebrca.edu.mk/wp-content/uploads/2020/10/kodekszaroditeli.pdf
5. *Пеперутки.* (n.d.). *Пример на страница.* Преземено од https://peperutki.weebly.com/10411083108610751/4721080
6. *Македонско Наследство.* (2021, јануари 20). *Соработка помеѓу родителите и наставниците.* Преземено од https://makedonskonasledstvo.wordpress.com/2021/01/20/%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D1%9A%D1%83-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2/
7. *Златан Сремец.* (n.d.). *Вклучување на семејството.* Преземено од http://www.zlatansremec.edu.mk/vkluchuvanje-na-semejstvoto/
8. *Македонско Наследство.* (2021, јануари 22). *10 начини за успешна соработка со родителите.* Преземено од https://makedonskonasledstvo.wordpress.com/2021/01/22/10-%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5/
9. *Слободен Печат.* (n.d.). *Родителите - сојузници на наставниците.* Преземено од https://www.slobodenpecat.mk/roditelite-sojuzniczi-na-nastavniczite/
10. *Министерство за образование и наука.* (n.d.). *Закон за основното образование.* Преземено од

https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf

# V дел

# ПРИЛОЗИ

# Прилог број 1 – Анкетен прашалник за наставници

**Анкетен прашалник за наставници**

**Почитувани,**

**Овој анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на магистерски труд и добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражување е *„Улогата на родителите во образовните постигнувања на учениците во основното образование“*.**

**Пред вас се неколку прашања за кои треба да го искажете вашето мислење или да дополните. Означете го со X или друг симбол одговорот што соодветствува со вашиот став.**

**Однапред ви благодарам за соработката!**

**Со почит,**

**Стефанија Додевска.**

______________________________

**Прашалник за наставници**

Пол: а) машко б) женско

Наставник во ___________ одделение.

Основно училиште:___________________________

Место (општина):_________________________________

Возраст:___________________________________

Работно искуство:___________________________

| | | Воопшто не се согласувам | Главно не се согласувам | Немам мислење | Главно се согласувам | Во потполност се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Имам отворена комуникација со учениците. | | | | | |
| 2. | Негувам отворена и јасна | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | комуникација со родителите. | | | | | |
| 3. | Постојано ја поттикнувам мотивацијата за учење кај учениците. | | | | | |
| 4. | Имам континуирана соработка со родителите поврзана со успехот на учениците. | | | | | |
| 5. | Сметам дека учениците се соочуваат со преобемен материјал за учење. | | | | | |
| 6. | Континуирано водам евиденција за постигнувањата на моите ученици (белешки, чек листи итн.). | | | | | |
| 7. | Ја поттикнувам | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | свеста кај родителите за образовна работа со своите деца. | | | | | |
| 8. | Родителите се секогаш отворени за соработка со наставникот. | | | | | |
| 9. | Редовно ги вклучувам родителите да земат учество во воннаставните активности во училиштето. | | | | | |
| 10. | Родителите редовно присуствуваат на родителските средби. | | | | | |
| 11. | Родителите се заинтересирани за постигнатиот успех на нивното дете. | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Навремено ги известувам родителите за сите промени кои настануваат во успехот на нивните деца. | | | | | |
| 13. | Ги поддржувам неформалните облици на образование кај учениците. | | | | | |
| 14. | Родителите покажуваат желба за учество во проекти кои ги организира училиштето. | | | | | |
| 15. | Редовно и навремено ги известувам родителите во врска со образовните постигнувања на нивните деца. | | | | | |

# Прилог број 2 – Анкетен прашалник за родители

**Анкетен прашалник за родители**

**Почитувани,**

**Овој анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на магистерски труд и добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражување е *„Улогата на родителите во образовните постигнувања на учениците во основното образование“*.**

**Пред вас се неколку прашања за кои треба да го искажете вашето мислење или да дополните. Означете го со X или друг симбол одговорот што соодветствува со вашиот став.**

**Однапред ви благодарам за соработката!**

**Со почит,**

**Стефанија Додевска.**

______________________________

**Прашалник за родители**

Пол: а) машко б) женско

Родител на ученик во ________________ одделение.

Возраст:____________________________________

Место (општина):_________________________________

Основно училиште кое го посетува вашето дете:

____________________________________________________

| | | Воопшто не се согласувам | Главно не се согласувам | Немам мислење | Главно се согласувам | Во потполност се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Запознаен/а сум со предметите што ги изучува моето дете на училиште. | | | | | |
| 2. | Сметам дека сум доволно | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | компетентен да му помогнам на моето дете во совладување на училишниот материјал. | | | | | |
| 3. | Посветувам од 1 до 3 часа дневно со своето дете за помош во однос на неговите домашни задачи. | | | | | |
| 4. | Посветувам од 1 до 3 часа дневно со своето дете во однос на совладување на училишниот материјал. | | | | | |
| 5. | Сметам дека децата се преоптоварени со обемен материјал за учење. | | | | | |
| 6. | Сметам дека имам доволно информации во врска со постигнувањата | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на моето дете во училиште. | | | | | |
| 7. | Запознаен сум со додатната и дополнителната настава која се одвива во училиштето. | | | | | |
| 8. | Сметам дека моето дете има потреба од додатна или дополнителна настава во училиште. | | | | | |
| 9. | Сметам дека моето дете треба да посетува некои од облиците на неформално образование (курсеви, дополнителна стручна помош, неформални организации, платен приватен наставник итн.). | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Остварувам постојана и континуирана комуникација и соработка со наставникот/чката на моето дете. | | | | | |
| 11. | Вклучен сум во воннаставните активности кои се организираат во училиштето на моето дете. | | | | | |
| 12. | Вклучен сум во проекти кои ги организира училиштето каде што учи моето дете. | | | | | |
| 13. | Редовно ги посетувам родителските средби. | | | | | |
| 14. | Редовно ги следам известувањата кои ги испраќа наставникот. | | | | | |
| | Се интересирам за успехот кој го | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | постигнува моето дете во училиште. | | | | | |
| 16. | Задоволен сум од соработката со наставникот на моето дете. | | | | | |
| 17 | Задоволен сум од влијанието на наставникот врз постигнатиот училиштен успех на моето дете. | | | | | |
| 18 | Училиштето треба да организира повеќе активности во кои почесто ќе бидат инволвирани родителите. | | | | | |

## Прилог број 3 – Протокол за интервју со ученици
**<u>Неструктурирано интервју со учениците</u>**

**Теми за неструктурирано интервју со учениците:**

1. Желба за посетување училиште
2. Соработка со наставникот во процесот на учење
3. Соработка со родителите во процесот на учење
4. Училишна клима и атмосфера
5. Тешкотии (предизвици) во учењето
6. Домашни задачи
7. Посета на курсеви, едукативни центри кои би служеле како помош во процесот на учење и сл.

**Пример на прашања кои беа поставени на интервјуто:**

1. Дали сакаш да одиш на училиште? Зошто?
2. Дали се чувствуваш (дали ти е убаво) на училиште?
3. Дали можеш да го/ја прашаш наставникот/чката кога нешто не ти е јасно?
4. Дали наставникот убаво го објаснува материјалот што го изучуваш по предметите во училиште?
5. Дали родителите ти помагаат додека учиш?
6. Дали ги прашуваш родителите кога ќе се соочиш со тешкотии во учењето на материјалот по некој од предметите?
7. Дали ти се допаѓа да одиш во училиште?
8. Дали ти се допаѓа твојата училница? Што најмногу ти се допаѓа во училницата?
9. Дали си помагате меѓусебно со другарчињата на училиште?
10. Дали во твојата училница владее работна атмосфера?
11. Дали имаш тешкотии додека учиш / ако имаш, со какви тешкотии се соочуваш додека учиш?
12. Кој предмет ти оди најтешко или ти создава одбивност да го учиш?

13. Кој предмет ти е омилен (сакаш да го учиш најмногу), а кој ти е најнеомилен (најмалку сакаш да го учиш)?
14. Дали мислиш дека наставникот/чката ти дава многу домашни задачи?
15. Дали домашните задачи кои ви ги даваат се тешки?
16. Прашање број 16. „Дали секогаш самостојно ја пишуваш домашната задача или бараш помош од некој од твоите родители (брат, сестра, баба, дедо)?“
17. Дали си запишан на курс по одреден јазик или посетуваш едукативен центар или приватно училиште што би ти помогнале полесно да го совладаш училишниот материјал?
18. Дали си изразил/а желба или би сакал/а да посетуваш некаков курс или спорт?